СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Првото продолжение на Четириесет и шестата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 30 мај 1996 година

Скопје, мај 1996 година

**46 (ЧЕТИРИЕСЕТ И ШЕСТА) ПРВО ПРОДОЛЖЕНИЕ- одржана на 30 Мај 1996**


| | |
|---|---|
| 1. АБДИ ФАИК 24 | т.2-стр.1 |
| 2. БЕЛИЧЕВ ЉУПЧО 52 | т.3-стр.36 |
| 3. ВАНГЕЛОВ АТАНАС 87, 101, 102 | т.4-стр.38 |
| 4. ЃЕОРЃИЕВ ДРАГАН 24 | т.5-стр.55 |

5. ДАВЧЕВ САНДЕ 33
6. ЖУТА БЕЌИР 9
7. МУРАТИ ЏЕЛАДИН 66, 69, 78
8. НАУМОВСКИ ВАНЕ 25, 83, 86
9. ОСМАНИ РУФИ 19, 20, 23, 27, 44
10. ПЕТКОВСКИ ТИТО 1
11. ПОПОВСКИ ВЛАДО 55, 61, 100
12. РАМАДАНИ ИСМЕТ 50
13. СУЛЕЈМАНИ РИЗВАН 45
14. СТОЈКОВСКИ БЛАГОЈА 79
15. СТОЈАНОВСКИ ТОМИСЛАВ 101
16. ТЕМЕЛКОВСКИ ЗОРЕ 53
17. ТРИПУНОВСКИ МИРКО 1
18. ТРПЕНОВСКИ ДИМИТАР 4
19. ШАПУРИЌ ЗОРАН0 26, 38, 44, 49, 87, 88, 95
20. ШУНДОВСКИ ЈОРГО 47


СЕДНИЦАТА ПРОДОЛЖУВА!

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

## од Првото продолжение на Четириесет и шестата седница на Собранието на Република Македонија, одржано на 30 мај 1996 година

Седницата се одржа во просториите на Собранието на Република Македонија (сала број 1), со почеток во 11,55 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Тито Петковски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Продолжуваме со работа.

Пратениците Јане Ангеловски, Наум Симјановски и Владимир Станковски ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

Минуваме на **точката 2** - Предлог на закон за трговските друштва.

Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени, односно поделени.

Отворам општ претрес.

Молам, кој бара збор.

**МИРКО ТРИПУНОСКИ:**

Почитуван претседателе, колеги пратеници, мојата дис- ија по овој мошне значаен проект ќе ја концентрирам на неколку менти кои ги имаат посебно истакнато во самиот закон.

Имено, останува првичната и начелна констатација што се добива дека се работи за преобемен закон кој ќе создаде услови за пренормираност во оваа област за која Уставот дава големи слободи и овозможува лимитирање на основните права и слободи на граѓаните. Две констатации кои што се мошне сериозни. Се поставува прашањето дали со овој закон ќе се поттикнат граѓаните на поголемо самоангажирање и самовработување во дејностите и гранките кои стојат на располагање, или пак со предложените граници и ограничувања под законски права и нормирања овие иницијативи и претприемнички зафати ќе бидат ограничени, смалени, или пак за секогаш изгубени. Намерата на предлагачот со овој закон е да се воведе поголем административен ред во одвивањето на трговската дејност. Вред е дали е трговска, или стопанска дејност, но тука ќе останат полемиките што е подобро и како да се вика. Меѓутоа со одделни решенија останува и натаму како реална опасност да се закочи одвивањето на стопанскиот живот и веќе воспоставените начини на работа и организирања на претпријатијата. Тоа ќе наметне во иднина да се вршат реорганизации, или трансформации на претпријатијата што ќе доведе до зголемуваше на нивни трошоци на работење, а секое зголемување на трошоците на работење е намалување на остатокот на добивката. Тоа како организирано општество во крајна линија ќе го платиме сите ние, сите граѓани, а преку трошоците што ќе бидат создадени за преструктуирање на претпријатијата во трговските друштва ќе имаме негативни одредени разлики. Но, дали само таа е цената на овие трансформации, или пак ќе се овозможи на државата и граѓаните самостојно да се активираат за реализација на нивните претприемнички идеи. Тоа е суштината на овој закон, а неговата деталност во регулираше на одредени состој- би во стопанскиот живот се чини дека тоа нема лесно да се овозможи.

Малкумина ќе можат да се справат со огромниот број на норми кои се предложени, некаде 800. Како конкретна забелешка би истакнал дека во вака комплексен закон не заслужува да има толку скудно образложение. Во него не се наведени кои предлози се прифатени од претходните расправи, или првата фаза на расправа по овој документ, а кои не се и поради кои причини. Да потсетам на оваа говорница и во комисиските расправи беа предложени многубројни предлози и сугестии кои предлагачот требаше да ги има во предвид при изготвуваше на овој Предлог-закон. Тогаш беше поддржано донесувањето на законот што според мене ценам дека е неопходно заради извонредно регулираше на дел од тие значајни активности во оваа област. Нема дилеми кај мене дека не треба да се усвои законот, но сепак несфатливо е да 14 страници се кажува за содржината на законот, а само мал дел во објаснување и образложување на делот на законските членови на овој Предлог- закон. Мислам дека предлагачот требаше да ја респектира расправата по овој закон и да објасни во што се разликите во однос на претходните фази. Тоа е поради наше олеснување на неговата анализа и овозможување на нас пратениците да се однесуваме како во одредена фаза сме ги поставувале прашањата, а како сега се реализираат, бидејќи ни мањка и во одредени други законски проекти кои што сме ги усвоиле како Парламент.

Исто така, да потсетам за вака сложени закони се подготвуваат и компаративни табели од кои ќе се согледа што е предложено, што е вградено и што во претходните фази испаднало.

Поставувам прашање. Дали износот од 10 илјади германски марки како основен услов за основање на друштво со ограничена одговорност содејствува со економската моќ на граѓаните кај нас, имајќи предвид дека

тој е еднаков на 33 просечни плати, а ние се определивме дека граѓанин може прво со 24 просечни плати, а понатаму со 12 да заснива свој приватен бизнис и го реши прашањето на вработување, сметам дека е превисок и создава можност за смалување на невработеноста за онаа категорија граѓани кои се решаваат да започнат сопствен бизнис, сопствена работа.

Се задржувам на друштвото со ограничена одговорност со оглед дека тоа е најчест облик на претпријатие што се основа од граѓани поединци. Токму за друштвото со ограничена одговорност се предложени бројни измени во однос на постојните решенија, а тоа пак во поглед на лимитот на капиталот, така и за условите на негово основање, управување и слично ценам дека е релативно да се споредуваат решенијата кои се однесуваат за други видови трговски друштва, но во основа се чини дека ваквата поставена регулатива ќе го закочи натамошното основање на претпријатијата. Со тоа ќе се смали и можноста за реализација на претприемничките идеи на граѓаните. Поради тоа сметам дека предлагачот реално можел да предложи нивото да биде многу помало кој што ќе соодејствува на реалното ниво на платите на граѓаните. Сметам дека овој закон дава многу големо право на акционерите. Менаџерите според овој закон имаат препреки во своите идеи и ограничувања кои што негативно ќе се реперкутираат во понатамошното опстојување на овој закон.

**ДИМИТАР ТРПЕНОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги, мислам дека денеска зборуваме за еден мал економски устав, или за еден поголем проект од областа на стопанството. Секако дека целите на овој закон ќе створат еден нормативен ред во оваа стопанска сфера, ќе ја исклучат државата од насочувањето на движењето на капиталот, односно ќе се изврши

дерегулација, ќе се створат услови за развој на претприемаштвото како процес на деловно организираше, раководење и лично поднесување на ризикот, ќе се афирмира претприемаштвото како храброст, да се послужам со зборовите на еден претприемач: "храброст помножена со здрав разум" или слобода на индивидуата, на поединецот и на неговата имагинација. Секако дека за да се направи еден од облиците на трговското друштво е мачна работа бидејќи тешко е да се направи нешто ново. Меѓутоа, за да се поврзат работите, материјалите, трудот и капиталот даваат основи сите облици на друштва персонални и капитални номинирани во овој закон. Значи, со други зборови еве шанса за интелигентните и за тие што сакаат да преземат ризик, односно еве индивидуална слобода.

И конкретно за членот 74. Во ставот 3 на членот 7 4 стои дека друштвото престанува со отворање на стечај. Мислам дека оваа формулација, или оваа дефиниција не кореспондира со актуелниот закон за присилно порамнување стечај и ликвидација. Правниот субјект престанува да постои не со отворање на стечај, туку со бришење од судскиот регистар. Секако врз основа на правосилно решение за заклучување на стечајната постапка. Оттука сметам дека терминот"престанување со отворање на стечај"треба да биде заменет со терминот "бришење од судскиот регистар".

Во член 85 нејасно е следното за командитното друштво. Таму кажува дека командитно друштво како персонално друштво од едно, или две лица содружници и најмалку еден за обврските одговараат солидарно и со целокупниот свој имот комплементар, другиот со износот на влогот во друштвото комплементарите најмногу до износот на 1/3 од влогот во друштвото. Се прашувам што значи терминот "солидарно" за обврските на содружниците, заради тоа што за солидарност се потребни

најмалку двајца. Се зборува солидарно, а цензусите на обврските во командитното друштво се различити.

Во членот 451 во ставот 1 постои забрана, или ограничување на ставање на додатоци во фирмата, односно изразите кои означуваат име на историски личности, места на националност, име на држава, општина во Република Македонија, или градот Скопје можат да се стават како додатоци во фирмите само ако е дадено одобрение од Министерството надлежно за работите за стопанство. Мислам дека одобрувањето за ова прашање треба да го дава Министерството за правда. Зошто? Во последно време постои зачестена пракса во името на државата, во името на фирмата да се внесува и името на државата, или нејзини кратенки и изведенки како што е: Македонија, па имаме фирми МК, МАК, па МКД, па Македо. Значи од една страна имаме забрана за употреба на името на државата, а од друга страна локалните органи на Министерството за стопанство многу полесно издаваат дозволи за изведенки од името.

Јас се залагам покрај тоа што постои забрана за употреба на името на државата во овој член 451 да стои државата и изведенки, или кратенки од нејзиното име за да се покрие целокупната таа сфера. Ова од аспект што во членот 16 на трговските друштва, на Законот за трговските друштва во Словенија покрај тоа што пишува дека не е дозволена употребата на името на државата, стои дека и на изведенките од тоа име. И исто така, и таму е речено дозволата за употреба на името на државата или се што пишува во овој член општината, историските, знаменитите личности тоа да го чини Министерството за правда, односно да е тоа надлежност на судската власт,додека пак Министерството за стопанство да го спроведува членот 2 3 од Законот за индустриската сопственост, каде што исто така стои за што Министерството за

стопанство треба да дава дозвола во смисол на употребување на жигови, или знаци кои што во себе содржат амблеми, ликови на историски личности, име на држава и тн. Ова затоа што и со Одлуката на Владата од 1992 година во членот 1 постои дека се забранува употребата на името на државата за фирмите, меѓутоа имаме сепак еден хаос во таа сфера затоа што името навистина не се употребува, но кратенки и изведенки од името многу слободно се употребуваат. Ценам дека оваа материја треба да ја покрие Министерството за правда, поготово што такви се и начелата на Парискaта Унија. Сите членки на Парискaта Унија така постапуваат што Министерството за правда е надлежен орган за заштита на употребата на името на државата во законот за трговските друштва, додека Министерството за стопанство ќе ги штити индустриската сопственост од амблеми и имиња кои што го содржат името на државата, историски личности, општина. градот Скопје и тн.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Пратеникот Благој Стефановски поднесе амандмани за бришење на член 32, член 33, за менување на став 2, член 33 за бришење на став 3, член 55 став 2, член 105 став 1, член 492, член 507 став 1 за менување на член 508 и за додавање нов член 508-а на насловот пред член 533 и на член 533 став 1, 2 и 3, член 624 став 1 и на член 72 6 став 1 за менување на точка 1 по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Кире Видимче поднесе амандмани на член 45 за бришење на став 1 и 2, член 97 став 2, член 105 став 2, член 161 став 1

точка 6, член 207 став 1 точка 4, член 443 за менување на став 1 за менување на насловот пред член 534 и на член 699 став 2 по кои Владата не се произнела.

Комисијата за труд и социјална политика поднесе амандман на дел V. Преодни и завршни одредби на член 721 точка 3 по кои Владата не се произнела.

Комисијата за финансирање и буџет поднесе амандман на член 545 за додавање два нови става по став 1 по кои Владата не се произнела.

Законодавно - правната комисија поднесе амандмани на член 6 став 3 на членовите 27 став 1 и 691 на член 53 став 1 точка 3 на член 127 став 6, на член 180 став 3, на член 187, на член 293 став 5, на член 389 став 4, на член 707 став 1 точка 3 и 8 на член 711 став 1 точка 2 за менување на ставот 2 и за бришење на став 4, на член 714 став 1 и 3 и на член 726 став 1 и за бришење на став 5 по кои Владата не се произнела.

Комисијата за стопанство поднесе амандмани на член 293 став 5, член 338 став 1, член 375 став 2, член 389 став 4, член 392 став 4, член 489 став 1, 2 и 3,на насловот пред член 608, член 608 став 1, член 625, член 633 став 1, член 668 став 1,2 и 3, член 672 став 2, член 694 став 2, за додавање нова точка 7, по точка 6, член 708, член 714 став 1, и на член 726 за бришење на точка 5.

Пратеникот Руфи Османи поднесе амандман на член 546 за бришење на став 1 по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Душан Николовски поднесе амандман на член 293 став 5 по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Ване Наумоски, поднесе амандман на член 726 став 1 по кој Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 6 став 3, поднесен од Законодавно - правната комисија.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор Беќир Жута.

**БЕЌИР ЖУТА:**

Владата го прифаќа овој амандман.

**БЕЌИР ЖУТА**

Владата го прифаќа овој амандман.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 27 став 1 и 691 поднесен од ЗПК.

Молам претставникот на Владата да се произнесе.

**БЕЌИР ЖУТА:**

Владата не го прифаќа овој амандман.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (11)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на членовите 27 став 1 и 691 поднесен од ЗПК.

Отворам претрес по амандманот за бришење на член 32 поднесен од пратеникот Благоја Стефановски.

Молам претставникот на Владата да се произнесе.

**БЕЌИР ЖУТА:**

Владата не го прифаќа овој амандман.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (9)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за бришење на член 32, поднесен од пратеникот Благоја Стефановски.

II/2.-

Отворам претрес по амандманот на член 33 за менување на став 2 поднесен од пратеникот Благоја Стефановски. Има збор претставникот на Владата.

**БЕЌИР ЖУТА:**

Владата не го прифаќа овој амандман.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Господинот Стефановски го повлекува амандманот.

Отворам претрес по амандманот 33 за бришење на став 3 поднесен од пратеникот Благоја Стефановски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**БЕКИР ЖУТА:**

Владата не го прифаќа овој амандман.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Пратеникот Благоја Стефановски го повлекува амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 45 за бришење на став 1 и 2 поднесен од пратеникот Кире Видимче.

Молам претставникот на Владата да се произнесе.

**БЕКИР ЖУТА:**

Владата не го прифаќа овој амандман.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (11)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 45 за бришење на став 1 и 2 поднесен од пратеникот Кире Видимче.

Отворам претрес по амандманот на член 53 став 1, точка 3 поднесен од ЗПК.

Има збор претставникот на Владата.

**БЕЌИР ЖУТА:**

Владата го прифаќа овој амандман.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 55 став 2 поднесен од пратеникот Благоја Стефановски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**БЕЌИР ЖУТА:**

Владата не го прифаќа овој амандман.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Господинот Стефановски го повлекува амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 97 став 2, поднесен од пратеникот Кире Видимче.

Молам, претставникот на Владата да се произнесе.

**БЕЌИР ЖУТА:**

Владата не го прифаќа овој амандман.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (10)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 97 став 2 поднесен од пратеникот Кире Видимче.

Отворам претрес по амандманот на член 105 став 1 поднесен од пратеникот Благоја Стефановски.

II/4.-

Го молам претставникот на Владата да се произнесе

Владата не го прифаќа овој амандман.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Господин Стефановски го повлекува амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 105 став 2 поднесен од пратеникот Кире Видимче.

Молам претставникот на Владата да се произнесе.

**БЕКИР ЖУТА:**

Владата не го прифаќа овој амандман.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (8)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 105 став 2 поднесен од пратеникот Кире Видимче.

Отворам претрес по амандманот на член 127 став 6, поднесен од ЗПК.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**БЕКИР ЖУТА:**

Владата го прифаќа овој амандман.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 161 став 1 точка 6, поднесен од пратеникот Кире Видимче.

Молам претставникот да се произнесе.

**БЕЌИР ЖУТА:**

Владата го прифаќа овој амандман.

II/5.-

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 180 став 3 поднесен од ЗПК.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**БЕЌИР ЖУТА:**

Владата го прифаќа овој амандман.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 187 поднесен од ЗПК.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**БЕЌИР ЖУТА:**

Владата го прифаќа и овој амандман.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 207 став 1 точка 4 поднесен до пратеникот Кире Видимче.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**БЕЌИР ЖУТА:**

Владата не го прифаќа овој амандман.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?(9)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 207 став 1 точка 4 поднесен од пратеникот Кире Видимче.

Отворам претрес по амандманот на член 293 став 5, поднесен од ЗПК.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**БЕЌИР ЖУТА:**

Владата го прифаќа амандманот од ЗПК односно амандманот на пратеникот Душан Николовски бидејќи се прифаќаат, подолу кога ќе

II/6.-

дојдеме и амандманите на Комисијата за стопанство и се совпаѓаат Во овој случај треба да се прифати дека Владата го прифаќа амандманот на Душан Николовски кој е во функција со ставот на Комисијата, а се однесува за истата точка од член 293.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

За тоа, потоа. Сега за овој амандман г-дине Жута.

**БЕЌИР ЖУТА:**

Овој не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (Никој)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 293 став 5 поднесен од ЗПК.

Отворам претрес по амандманот на член 2 93 став 5 поднесен од Комисијата за стопанство.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**БЕЌИР ЖУТА:**

Владата го прифаќа овој амандман кој е идентичен со амандманот на пратеникот Душан Николовски.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 293 став 5 поднесен до пратеникот Душан Николовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**БЕЌИР ЖУТА:**

Веќе го апсорбиравме.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Значи не го прифаќате.

**БЕЌИР ЖУТА:**

Го прифативме амандманот од Комисијата за стопанство кој е идентичен и во смисла повторно да биде прифатен.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 338 став 1 поднесен од Комисијата за стопанство.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**БЕЌИР ЖУТА:**

Владата го прифаќа овој амандман.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 37 5 став 2 поднесен од Комисијата за стопанство.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**БЕКИР ЖУТА:**

Владата го прифаќа овој амандман.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 38 9 став 4 поднесен од ЗПК.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**БЕЌИР ЖУТА:**

Владата го прифаќа овој амандман.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 389 став 4 поднесен од Комисијата за стопанство.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Владата го прифаќа овој амандман.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 392 став 4 поднесен од Комисијата за стопанство.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**БЕКИР ЖУТА:**

Владата го прифаќа овој амандман.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 44 3 за менување на став 1 поднесен од пратеникот Кире Видимче.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**БЕКИР ЖУТА:**

Владата не го прифаќа овој амандман.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (9)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 443, за менуваше на став 1, поднесен од пратеникот Кире Видимче.

Отворам претрес по амандманот на член 489 став 1,2 и 3, поднесен од Комисијата за стопанство.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Молам претставникот на Владата да се произнесе.

II/9.-

**БЕЌИР ЖУТА:**

Владата го прифаќа овој амандман.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 492 поднесен од пратеникот Благоја Стефановски.

Молам претставникот на Владата да се произнесе.

**БЕЌИР ЖУТА:**

Владата го прифаќа овој амандман.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 507 став 1 поднесен до пратеникот Благоја Стефановски.

Молам претставникот на Владата да се произнесе.

**БЕЌИР ЖУТА:**

Владата го прифаќа овој амандман.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот за менување на член 50 8 и за додавање нов член 508-а, поднесен од пратеникот Благоја Стефановски.

Молам претставникот на Владата да се произнесе.

**БЕЌИР ЖУТА:**

Владата не го прифаќа овој амандман.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Го повлекува амандманот г-динот Стефановски.

Отворам претрес по амандманот на насловот, пред член 533 и на член 533 став 1,2 и 3 поднесен од пратеникот Благоја Стефановски.

Молам претставникот на Владата да се произнесе.

II/10.-

**БЕЌИР ЖУТА:**

Владата не го прифаќа овој амандман.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Го повлекува амандманот г-дин Стефановски.

Отворам претрес по амандманот за менување на насловот пред член 534, поднесен од пратеникот Кире Видимче.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**БЕКИР ЖУТА:**

Владата не го прифаќа овој амандман.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?(3)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за менување на насловот пред член 534 поднесен до пратеникот Кире Видимче.

Отворам претрес по амандманот на член 54 5 за додавање два нови става по став 1, поднесен од Комисијата за финансирање и буџет.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**БЕКИР ЖУТА:**

Владата не го прифаќа овој амандман.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор?

**РУФИ ОСМАНИ:**

Само кратко, би го замолил претставникот на Владата да ги изнесе аргументите зошто не се прифаќа овој амандман од оваа Комисијата што беше предложен од моја страна и прифатен од лица кои се од истата струка.

II/11.-

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор?

**БЕКИР ЖУТА:**

Од едноставна причина затоа што материјата за сметководството не се уредува со овој закон, туку ќе се уредува со Законот за сметководство и овој дел што се сака со амандманот да се уредува, ќе се уредува со тој закон. Поради тоа не му е местото овде затоа што таа материја не се уредува со законот за трговските друштва.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (8)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 545 за додавање два нови става по став 1, поднесен до Комисијата за финансирање и буџет.

Отворам претрес по амандманот на член 546, за бришење на став 1, поднесен од пратеникот Руфи Османи.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**БЕЌИР ЖУТА:**

Владата не го прифаќа овој амандман.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-дин Руфи Османи.

**РУФИ ОСМАНИ:**

Само кратко. Мислам дека одговорот што претходно се даде од страна на предлагачот на овој закон воопшто не кореспондира со содржината на законот кој токму во овој дел ги нормира овие работи кои делумно се регулирани со Законот за сметководство.

II/12.-

Ако беше тоа што го изнесе г-динот Жута дека тие работи наводно требало да се регулираат само со Законот за сметководство, тогаш се поставува прашање, што бараат трговските книги , што бара одговорниот сметководител, што бара фактичкото вршење на функции на одговорен сметководител во овој закон, што бара годишниот биланс и ред други работи кои се таксативно наброени во Законот за трговски друштва. Со ова сакам да кажам дека одговорот на г-динот воопшто не е во иста бранова должина со содржината на овој закон во овој дел.

Што се однесува до амандманот да кажам следното.

Што дефакто јас предлагам со овој амандман.

Бидејќи сум сигурен,можеби многумина не го имаат прочитано овој мој амандман, ќе изнесам само накратко.

Јас предлагам предложената солуција во овој закон од став 1 која гласи: "Кога трговецот не ја воспостави должноста одговорен сметководител, неговите права и обврски ги презема лицето кое фактички ги врши тие функции".

Што, од практична гледна точка значи оваа формулација. Оваа формулација значи легализација на една состојба која особено е присутна во приватниот сектор, во доменот на водење на сметководство и тоа сметководство во најголем број случаеви не го водат само економистите како професионалци и како струки, туку го водат разни други лица кои воопшто немаат ништо заедничко со економската струка. Дефакто сметководството во пракса го водат и инженери и наставници и професори и ред други лица на кои воопшто не им е местото во сметководството во економската струка.

Со бришење на овој став автоматски ние ќе ги елиминираме овие лица и ќе бидат задолжени сите правни лица да го конституираат во случајот, одговорниот сметководител односно како што јас предлагам т.е. како што предлага Законот за сметководство, што господата овде го немаат усогласено, овластениот сметководител и тоа исклучиво тоа

право и обврска да биде само на економистите како должност односно како право, сходно на тој факт, што сите други професии и струки ги водат исклучиво професионалци. Во таа смисла апелирам да се прифати овој амандман, со кој амандман ние ништо друго нема да направиме, туку само ќе воведеме еден ред и во сметководството, како многу битна струка и функција од аспект на заштита на фискалниот интерес на државата, бидејќи општо -е познато, сметководството согласно сите начела и стандарди може да го водат исклучиво луѓе кои се дипломирани во таа струка, а не и голем број на паушалци, што е случај сега.

**БЕЌИР ЖУТА:**

Господинот пратеник во своето излагање го употреби изразот за да ја оправда потребата за симнување на оваа одредба односно прифаќање на амандманот, со зборовите "да ги ликвидираме постојниот книговодители". Кој треба да ја врши работата до именување на оние правите?

III/1.-JJ/OM

**БЕКИР ЖУРА:** (Продолжение)

Дали тој вид на работа треба да остане во празен простор. Дали смееме тоа? Одговорот е не смееме.

И второ интензивно се вршат подготовки за предлагање на новиот закон за сметководство и во него содржините кои се обидуваат со амандманите и претходниот и овој сега, таму ќе најдат решение и тогаш ќе разговараме дали се адекватни и неадекватни или треба по- инаку да се решаваат, али не во овој закон. Заради тоа останувам на ставот дека Владата не го прифаќа амандманот.

**РУФИ ОСМАНИ:**

Само кратко, јас во моето обраќање не реков да ги ликвидираме, туку да ги елиминираме, што не е исто ликвидација и елиминација, г-дине Жута.

Ова што вие го кажувате , сега тоа дефакто го потврдува мојот став дека воопшто нема потреба постоење на овој став 1 на член 546, а јас мислам дека Вие како човек кои носите голема титула на свои плеќи, треба да се грижите и да се старате, само професионалците да ја извршуваат таа дејност, а не и многу други на кои не им е местото таму.

Па затоа, ако се прифати Вашата логика тоа дефакто ќе значи дека Вие веднаш ќе бидете должни да го измените односно да го бришете овој член од законот за трговски друштва. Јас сум убеден дека Парламентот ќе покаже разбирање и ќе го укине овој став 1 бидејќи истиот не е потребен.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-дин Георгиев.

III/2.-

Сосема накратко, мислам дека пратениците треба да имаат разбираше кон овој амандман поднесен од страна на пратеникот Османи, бидејќи само за илустрација една споредба ако во една медицинска установа не постои лекар кој би ја извршувал неговата функција во навреме, дали некој одговорен во рамките на медицинска установа или центар би ја превзел улогата да изигрува лекар во медицинската установа. Истото е и во оваа ситуација. Сметам дека овој став од член 546 во целост треба да отпадне.

**ТИТО ЕПТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор?

Г-дин Фаик.

**ФАИК АБДИ:**

Г-дине претседателе, дами и господа пратеници, без разлика кој пратеник на која партија и припаѓа, ние сега општо разговараме за многу прецизна работа, многу важна работа , за важен сегмент од нашето работење, како нашава држава Република Македонија ќе ја склопиме и ќе ја направиме компатибилна на запат. Ние пред некој ден донесовме Одлука за единствен број на секој еден работник . Тоа значи јас кога бев во Австралија имав КАНТНБ и се додека тоа го немам јас неможам да примам ниту плата и ништо. Само платата одбитоците јас само кажувам нето плата земам и кажувам во која банка е. А тоа значи, ова што го предлага младиот г-дин, да се разбереме, држи,има место, заради тоа што јас имам таков случај во практиката за еден обичен фестивал ај да речам добар фестивал на ромската песна и музика каде што некоја девојка води таму кој знае какво сметководство и таа кога и требаат пари

а си земе, уплаќа персонален данок. А на сите други што им исплаќа, како да не знае дека треба да плати и сега од ЗПП и тие се прават малку наудрени, затоа дали имаат елементи или немаат елементи и не знам, имаат елементи, меѓутоа , тоа не сакаат да го прават. Затоа вчера јас не сакав да спомнам име за кого се работи до министерот за Внатрешни работи покренав дејствие да се провери за што се работи и да се види кој е одговорниот. Не можам јас претседател на совет да се занимавам со некој си не знам јас книговодител. Тоа е надлежен сите работи што се случуваат, а не човек што не знае. Затоа го поддржувам амандманот на господинот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Наумовски.

**ВАНЕ НАУМОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги амандманот на Комисијата беше разгледуван на Комисијата за буџет и слична полемика се водеше. Ако погледнеме од аспект на предлагачот како економисти, како колеги во ред, заслужува внимание. Меѓутоа, ако го погледнеме од аспект на она што беше дадено како образложение од министерот, исто така јасно е дека одредбата е за преоден период за да им се даде на оние фирми можност што немаат овластен , како пишува овде одговорен сметководител. За мене, апсолутно одредбава може да стои во законот 546 но со одреден период и тоа во преодните и завршните одредби на законот може да се регулира до моментот значи овој став 1 од ,член 546 важи до моментот додека не се воспостави институцијата одговорен сметководител. Фактички не би доаѓало до промена на законот но во

преодните и завршните одредби да се даде ваков став. Апсолутно и од причина бидејќи ако е вака како е напишано кога сите фирми ќе прејдат на институција да стават нестручни лица за водење на сметководство, бидејќи тоа право овој став 1 во моментов им го дава. Меѓутоа со ограничувачки фактор на временски период тоа би се елиминирало и сите фирми понатаму би имале обврска да го применуваат членот 545.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Шапуриќ.

**ЗОРАН ШАПУРИЌ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, јас мислам дека овој амандман треба да се поддржи од повеќе причини, токму и ова што го зборуваше г-динот Ване Наумовски,оди во прилог и на поддршка на овој амандман. Самиот тој рече дека треба преоден период. Знаеме дека сегашните претпријатија односно новите друштва што ќе се организираат според овој закон имаат определен рок во кој што ќе треба да ги усогласат своите акти и има доволно време овој член да заживее, односно со евентуалното усвојување на овој амандман нема веднаш да се примени и ќе има еден преоден период. Инаку мислам дека ова е логично бидејќи сосема би дошло до нестручност некомпетентност, за вршење на некои сметководствени функции од луѓе што не се компетентни, а со тоа би дошло и до занемарување на одговорноста. Со самото тоа што би се знаело кој е одговорен за тие работи, а од друга страна тој не мора да биде вработен внатре, може да биде и надворешно лице, дали од некоја специјализирана агенција или друга таква фирма Затоа мислам дека не само во интерес на друштвата туку би било и

државен интерес ако оваа функција ја вршат стручни лица» зашто не би можеле да се измешаат тие работи. Од друга страна на сите им е јасно дека овој закон е една револуционерна новина што радикално ги менува односите и дека се потребни одредени периоди , дури подоцна ќе стане збор и тие амандмани, но во секој. случај мислам дека ваквиот начин на водење. на сметководството со вакви лица би било во согласност и тоа е став на самите матични комисии кои што го поддржаа, а во нив знаеме дека членовите се најголем број лица кои имаат познавање од оваа област или лица кои ја вршеле и ја вршат оваа дејност.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-дин Руфи Османи.

**РУФИ ОСМАНИ:**

Должен сум накратко да кажам , воопшто не сум сакал со оваа проблематика да го замарам овој дом за што добро памтите за оваа проблематика често пати јас сум настапувал пред овој дом, но би рекол само уште една теза за која што сега седејќи ми текна што е во спротивност со известувањето на г-динот Жута. Би препорачал да го прочита член 12 од Законот за сметководство кој член ја воспоставува оваа функција и одговорноста за водење за сметководството, паѓа на тие сметководители. Значи во што е сега работата? Работата се состои во следното значи преоден период нема веќе г-дине Жута. Законот за сметководство од овој дел од 1 јануари е во функција и одговорноста во оваа смисла паѓа на лицата кои го водат сметководството, независно дали се квалификувани или не се. Во практиката се случува следниот феномен. Одете и проверувајте во Управата за јавни приходи и ќе видите како резултат на нестручното водење на сметководството од

нестручни лица, кога се прават конечните биланси и задолжувања, особено на приватните занаетчии им излегуваат големи обврски по основ на помалку платени даноци , по основ на плаќање со задоцнување, по основ на пресметување на затезни камати и разно разни дејствија кои пред се се причинети како резултат на нестручно водење на сметководството од цела таа армија на која армија не и е местото во сметководството. Сакам да кажам дека преоден период во оваа сфера веќе нема господа. Тој преоден период се потроши од 1 јануари одговорноста за водење на сметководството паѓа на сметководителите.

Мојата интенција е таа одговорност паѓа да, на сметководителите, но тие да бидат исклучиво економистите, а не другите професионалци кои што по разни основи научиле да вршат одредено пресметување и книжење , немајќи при тоа елементарно познавање од законската материја од оваа сфера. Па, затоа да не должам, мислам дека е редно да се прифати овој амандман, не заради мене, туку лично заради државата и заради штитење на државниот интерес.

**ТИТО ПЕТКВОСКИ:**

Молам, дали уште некој баразбор? (Не)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам,да крене рака?

25 пратеници креваат рака.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 546 за бришење на став 1 поднесен од пратеникот Руфи Османи.

Отворам претрес по амандманот на насловот пред членот 608 поднесен од Комисијата за стопанство.

Со овој амандман се согласи повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се изјасни.

**БЕЌИР ЖУТА:**

Владата го прифаќа овој амандман.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 608 став 1 поднесен од Комисијата за стопанство. И со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Молам претставникот на Владата да се произнесе.

**БЕЌИР ЖУТА:**

Владата го прифаќа овој амандман.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 624 став 1 поднесен од пратеникот Благој Стефановски.

Молам претставникот на Владата да се произнесе.

**БЕЌИР ЖУТА:**

Владата го прифаќа амандманот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претресот амандманот на член 625 поднесен од Комисијата за стопанство. / И со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Молам претставникот на Владата да се произнесе.

**БЕЌИР ЖУРА:**

Владата го прифаќа и овој амандман.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 633 став 1 поднесен од Комисијата за стопанство. И со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Молам, претставникот на Владата да се произнесе.

**БЕЌИР ЖУРА:**

Владата го прифаќа амандманот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ.**

Отворам претрес по амандманот на член 66 8 став 1 , 2 и 3 поднесен од Комисијата за стопанство и со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Молам претставникот на Владата да се произнесе.

**БЕКИР ЖУРА:**

Владата го прифаќа овој амандман.

**ТИТО ПЕТКВОСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 672 став 2 поднесен од Комисијата за стопанство. И со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**БЕЌИР ЖУТА:**

Владата го прифаќа амандманот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 694 став 2 за додавање

нова точка 7 после точката 6, поднесен од Комисијата за стопанство. Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот ан Владата да се произнесе.

**БЕЌИР ЖУТА:**

Владата го прифаќа амандманот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 6 99 став 2 поднесен од пратеникот Кире Видимче.

Го молам претставникот ан Владата да се произнесе.

**БЕЌИР ЖУТА:**

Владата не го прифаќа амандманот.

**ТИТО ПЕТКВОСКИ:**

Молам, дали некој бара збор? (Не)

Бидејќи никој ен бара збор го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам, да крене рака?

5 пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 699 став 2 поднесен од пратеникот Кире Видимче.

Отворам претрес по амандманот на член 7 07 став 1 точка 3 и 8 поднесен од Законодавно - правната комисија.

Го молам претставникот ан Владата да се произнесе.

**БЕЌИР ЖУТА:**

Владата го прифаќа амандманот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 7 08 од Комисијата за стопанство. Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот ан Владата да се произнесе.

**БЕЌИР ЖУТА:**

Владата го прифаќа амандманот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 711 став 1 точка 2 за менување на став 2 и за бришење на ставот 4 поднесен од Законодавно правната комисија.

Го молам претставникот ан Владата да се произнесе.

**БЕЌИР ЖУТА:**

Владата го прифаќа амандманот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 714 став 1 поднесен од Комисијата за стопанство. Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот ан Владата да се произнесе.

**БЕЌИР ЖУТА:**

Владата го прифаќа амандманот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 714 став 1 и 3 поднесен од ЗПК.

Го молам претставникот ан Владата да се произнесе.

**БЕЌИР ЖУТА:**

Владата го прифаќа амандманот.

III/10.-

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на дел 5 - преодни и завршни одредби на член 721 точка 3, поднесен од Комисијата за труд и социјална политика.

Го молам претставникот ан Владата да се произнесе.

**БЕЌИР ЖУТА:**

Владата не го прифаќа овој амандман.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој бара збор? Има збор г-динот Давчев.

**САНДЕ ДАВЧЕВ:**

Морам да појаснам за што се работи. Се работи за донесување на законот за заштитни работилници. Тој закон беше повеќе пати на Владата на нејзините комисии и сега во завршните одредби е ставено дека ќе се донесе закон. Не знам што е причината да не прифати Владата дека за 6 месеци ќе се донесе законот. Шест месеци е доволно време за овој закон, бидејќи тој веќе беше во процедура на комисии на Владата. Така да нема причина да не се стави некој рок во кој може да се донесе закон. Со тоа ништо не се менува во концепцијата на законот за трговски друштва но мора да има рок до кога ќе биде донесен овој закон

IV/1/СП/лј

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Беќир Жута.

**БЕЌИР ЖУТА:**

Министерството за труд во секое време може да излезе пред Владата со предлог за донесување на закон и не треба во овој закон да се даде законска обврска и законски рок. Ако така почнеме да прифаќаме и да ги уредуваме работите, тогаш за"сијасет" закони кои треба да произлезат од овој закон треба да определуваме рокови и слично. Мислам дека имаме програма за законодавна дејност која го носи Владата за себе и го доставува до Собранието. Во таа програма се утврдува динамиката, а не во законот да утврдуваме обврски кои се во надлежност на одредени органи и во таа смисла не е за прифаќања не дека не треба да се донесе законот, туку нема место рокот да се одредува овде, а надлежното министерство во секое време да покрене постапка за донесување на закон.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор,го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласаше.

Кој е за, молам да крене рака? (11)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на дел V-преодни и завршни одредби на член 721 точка 3, поднесен од Комисијата за труд и социјална политика.

Отворам претрес по амандманот на член 726, став 1, за менување на точка 1, поднесен од пратеникот Благој Стефановски.

Молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-динот Жута.

**БЕЌИР ЖУТА:**

Владата не го прифаќа овој амандман.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Г-динот Стефановски го повлекува амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 726 став 1, и за бришење на став 5, поднесен од Законодавно - правната комисија.

Молам, претставникот на Владата да се произнесе.

**БЕЌИР ЖУТА:**

Владата го прифаќа овој амандман.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на членот 726 став 1, поднесен од пратеникот Ване Наумовски.

Молам, претставникот на Владата да се произнесе.

**БЕЌИР ЖУТА:**

Владата го прифаќа овој амандман.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 726 за бришење на точка 5, поднесен од Комисијата за стопанство.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**БЕКИР ЖУТА:**

Владата го прифаќа овој амандман.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Во меѓувреме пратеникот Димитар Трпеновски поднесе амандман на член 451 став 1 по кој Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 451 став 1 поднесен од пратеникот Димитар Трпеновски.

Молам претставникот на Владата да се произнесе.

IV/3.-

**БЕЌИР ЖУТА:**

Владата го прифаќа и овој амандман.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Продолжуваме со претрес по текстот на предлогот на закон.

Дали некој бара збор? (Никој)

Молам сите пратеници да влезат во салата.

**БЕЌИР ЖУТА:**

Да појаснам еден момент има еден амандман кој се софпаѓање со мислењето на Комисијата за стопанство, но е амандман на пратеникот Душан Николовски и него го прифаќаме.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Тоа е прифатено.

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по текстот на законот. Молам да бидат повикани сите пратеници. Сите закони се значајни, но овој е многу значаен.

Молам, информација за присутноста.

Во салата има 67 пратеника.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?(65)

Дали има некој против? (1)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека Собранието го донесе законот за трговските друштва.

Преминуваме на **<u>третата точка</u>** од дневниот ред. - <u>Предлог за донесување на закон за ратификација на протоколот меѓу Македонската Влада и Романската Влада за уредување на билатералната договорна состојба, со Предлог на закон.</u>

IV/4.-

Предлогот за донесување на закон со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор?

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

1. Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за ратификација на протоколот меѓу македонската Влада и романската Влада за уредување на билатералната договорна состојба.

Кој е за, молам да крене рака? (64)

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува? (Никој)

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Кој е за, молам да крене рака? (65)

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува? (Никој)

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам општ претрес по Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Законодавно - правната комисија поднесе амандман на член

Отворам претрес по амандманот на членот 2 поднесен од Законодавно - правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Молам, претставникот на Владата да се произнесе.

**БЕЌИР ЖУТА:**

Владата го прифаќа амандманот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (67)

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува? (Никој)

Констатирам дека Собранието го донесе законот за ратификација на протоколот меѓу Македонската Влада и Романската Влада за уредување на билатералната договорна состојба.

Преминуваме на **четвртата точка** од дневниот ред. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на законот за трговија.

Предлогот за донесување на законот, мислењето на Владата и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор?

Има збор г-динот Шапуриќ.

**ЗОРАН ШАПУРИЌ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници. Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на законот за трговија првично го поднесов заедно со Предлог на закон, меѓутоа, по прифаќањето на овој предлог за донесување на Комисијата за

стопанство која е матична по овој закон и во консултација со членовите констатиравме дека освен овие предложени решенија треба да се надополни со уште неколку члена кои целосно би ја регулирале оваа материја односно би ги отстраниле аномалиите кои се јавија со донесувањето на некои одредби од Законот за трговија, не на целиот закон.

Денеска го добивме мислењето на Владата каде еден дел од Законот се поддржува односно во оние случаеви каде се издава еднаш употребна дозвола во тие случаеви да не се бара два пати за иста дејност, бидејќи употребната дозвола треба да гласи на објектот а не субјектот, во практика имаме такви случаеви и сосема е логично што Владата го прифати, бидејќи покажа слух дека во праксата низа аномалии се случуваат во врска со ова.

Само да потсетам доколку некој цел деловен трговски објект досега се предаваше имаше употребна дозвола, Министерството за урбанизам односно подрачните единици бараа за секој објект посебно Еве најнов случај со зградата на Макотекст се издаваа канцеларии и за секоја канцеларија и покрај тоа што е голем објект што има употребна дозвола за секој објект одделно се бара употребна дозвола и со тоа странките односно подносителите посебно со фамозниот закон каде ги зголемивме административните и други такси за 20 до 30 пати се изложени на огромни трошоци. Таа аномалија сметам дека со прифаќањето на ова ќе биде отстранета. Меѓутоа, исто така имаше и друга причина зошто го предложив донесувањето на овој закон во две фази.

Имено, се работи за низа други согледувања каде што знаеме дека во член 10 од Законот за трговија јасно и децидно е кажано дека одредени области ќе се уредат со подзаконски акти. Такво изрично овластување е дадено за Министерството за стопанство,

Министерството за здравство и Министерството за труд и социјална политика. Меѓутоа, во овој член 10 нема изрично кажано, а ова е лекс-специјалист во однос на законот за органите на управата и Закон за општа управна постапка, нема никаде дадено овластување дека со подзаконски акт ќе се реши и од страна на Министерството за урбанизам и поради тоа знаете дека ова упатство кое е донесено за пренамена, за употребни дозволи итн. еднаш падна на Уставниот суд а сите сознанија и очекувања се дека и упатството повторно ќе биде оспорено од страна на Уставниот суд, а и самиот член 10 во делот каде се бара употребна дозвола има големи изгледи да биде оспорено од страна на уставниот суд на Република Македонија и од тие причини се решив овој закон да оди во две фази.

Имено, со овој закон е предвидено во член 10 став 1, трговецот да мора во своите продажни објекти да изврши услови минимално технички и да изврши санитарни така што соодветните органи на Министерството за труд, соодветните органи на Министерството за стопанство и соодветните органи на Министерството за здравство издаваат дозвола. Меѓутоа, по стапувањето на сила на овој закон е донесено упатство за постапка за издавање и одобрение на адаптација, пренамена и за решение за употреба односно пренамена на постојни објекти кои по втор пат кога е донесено и објавено во службен весник број 8 од 1996 година. Со ова е предвидено дека се доставува доказ за сопственост до подрачната единица и низа други докази кои во овој момент за низа објекти едноставно не се можни.

За што се работи? Се работи за низа објекти кои никаде ги нема, не фигурираат како такви. Имаме објекти од самопридонесот, зборувам за Скопје, веројатно е состојбата и во другите градови, едноставно тие

ги нема во плановите и не може никој да докаже сопственост од две причини. Не се предвидени во плановите, а такви се многу објекти, тоа е една причина

Второ, сеуште не решените релации и покрај тоа што има една претпоставка за што се водат спорови дека се она што не може да се докаже е сопственост на државата и во катастар не се води сопственикот, порано можеше да се води сопственост на државата корисник тоа и тоа министерство или тој и тој орган, сега во последно време се издаваат во катастар само дека е на државата така што низа такви објекти не можат да ја докажат сопственоста, бидејќи е спорна.

Покрај ова се водат низа судски спорови за сопственост и тоа помеѓу месни заедници и општини, месни заедници и државата, државата и некои други органи, бидејќи знаете со фамозното преземање се помина во рацете на државата без делбени биланси така што долго време ќе треба додека се расчистат сите тие работи како и на поранешните општествено политички организации на поранешните структури имотот сеуште не е дефиниран така што едноставно за низа објекти не може да се докаже сопственост. Јас тврдам во Скопје, за 50-60 месни заедници едноставно не може да се докаже сопственост. Автоматски на тоа не може ни да се поднесе соодветна документација.

Друг момент која ме раководеше да го поднесам овој закон беше тој што низа објекти, јас би ги спомнал објектите на " Техника" близу до железничката станица, други објекти кои се градат така наречениот трговски центар "Лептокарија",. каде граѓаните уредно ја платиле цената на објектите, на становите, меѓутоа, од низа причини одредени изведувачи не ги платиле комуналиите, а тоа е еден случај а втор случај ги платиле комуналиите, меѓутоа, градежните дозволи не се издадени, бидејќи е отстапено некаде со минимални накаде со поголеми

отстапувања и на Комисијата за стопанство пратениците искажаа многу случаеви од своите средини се спомна Дебар и други места каде не може да се докаже сопственоста, не се платени комуналиите така што официјално и тие значајни објекти се водат како, условно кажано диво градби. тоа е случај и со доста основни и средни училишта во Скопје кои не можат да ги добијат тие дозволи од низа причини со тоа граѓаните се ставени во една мачна ситуација да не можат да ја обавуваат дејноста за она што го платиле пред 5-6 години истите тие покрај тоа што прават? Сите работат на диво со тоа државата е лишена од давачктие, никој ништо не добива и понатаму бидејќи тие издвоиле огромни средства не можат да ги отуѓуваат, бидејќи судовите не ги заверуваат договорите и се јави една хаотична состојба.

Со стапувањето на овој закон и со оваа регулатива исто така низа објекти така наречени дивоградби кои се опфатени со основните планови а не се со детални планови или урбанизацијата е во тек, а во кои се врши долги години дејност едноставно се лишени од таа можност да ја добијат употребната дозвола. Овде не се пред- лага, како што некој мисли, легализација на дивоградбите, туку едноставно се предлага еден преоден период од две години каде што сите овие спорни ситуации и овие кои не се опфатени со плановите би имале една шанса да се уклопат. Доколку би се уклопиле тогаш би можеле да ги добијат сите овие употребни дозволи, а доколку не, тогаш тоа значи дека не би ги добиле и не би вршеле дејност. Цели населби во Скопје само би ја спомнал населбата Припор со 15.000 жители веќе 15 години фигурира како зелен појас. Не е нивна вина што тоа не е сторено односно што се прави, а не е направено.

IV/10.-

Тоа е со населбите Горно и Долно Лисиче, дел од населбите во Маџари, дел од Горче Петров, Дел од населбата Сингелиќ или Ченто, како сакате. Во Усје и низа други така што сите вие што сте пратеници од Скопје добро ги знаете овие проблеми и реагирања на граѓани, а верувам дека е тоа и во другите градови на Македонија.

Затоа би ве повикал да гласате за Предлогот за донесување односно за првата фаза, а понатаму ќе видиме какви се можни решенија ќе бидат односно до тогаш може да биде донесена и Одлуката на Уставниот суд да се види со цел да им помогнеме на граѓаните, да им ги скратиме маките, бидејќи едноставно не можат да вршат дејност. Не се работи за трговска дејност само за дуќани низа луѓе не можат ни производна дејност да вршат и тоа особено сега кога имаме стотици илјади невработени.

V/1.- РД/ЉР

**ЗОРАН ШАПУРИК**: (продолжение)

Јас сметам дека овој Парламент треба да го чуе гласот на народот и привремено да им се овозможи да живеат, да ја вршат својата дејност. Ние секогаш се спроведуваме со светски искуства и треба да одиме кон таму, и тоа е во ред. Меѓутоа, во Светот во Европа терминот дивоградба не постои, а тие се 4 0 илјади во Скопје 100 илјади во Македонија, према званични податоци на Министерството за урбанизам и на другите. Акцијата за урбанизација е во тек, таа најверојатно во наредниот период, за овие две години голем дел од подрачјата ќе бидат урбанизирани. Светот не познава дивоградби. А пак овие дивоградби не се направени од вчера. Тоа е веќе процес 50 - 60 години кој што тече, или пак некој се прикрај, односно блиску до плановите не се донесени тие планови така да цела таа необичност, така да не можеме ние Горно и Долно Лисиче со 10-15 илјади жители да кажеме не треба да има продавница за леб. Зошто, затоа што сме донеле таков закон. Законот е добар тргнат е од принципите на сите овие искуства и мора некои фактични состојби д аги почитуваме. Затоа јас уште еднаш ве повикав почитувани пратеници да гласате за Законот, бидејќи со тоа оваа е привремено, оваа е прва фаза со евентуално усвојуваше е во втора фаза би им олесниле на граѓаните во еден период да ја средат оваа своја документација.

**РУФИ ОСМАНИ:**

Јас само ќе кажам кратко, мислам дека оваа проблематика за која ние имаме навистина има е повикан и стручен човек, да се доизјасни позитивно, а тоа е г- Јорго Шундовски, јас во една прилика и како пратеничко прашање, но и приватно го имаме разговарано ова, навистина е ова голем проблем, со овој проблем се судруваат сите

стопанственици во цела Македонија. Јас мислам дека едно негово позитивно изјаснување, барем за првата фаза ќе ги скрати маките и на пратениците,"а особено на стопанствениците кои за да ги добијат тие употребни дозволи, не само во овие така наречени диви населби, а особено во селските населби, каде што не постојат ниту урбанистички планови, ниту од оние други планови кои доаѓаат до една анахрона ситуација за тој документ да трчаат по 4-5 и повеќе месеци.

Во таа смисла да не должам го повикувам да излезе на говорница и да по можност алтернативно се произнесе по овој Предлог на закон.

**РИЗВАН СУЛЕЈМАНИ:**

Г-дине претседателе, господа пратеници, јас би ве замолил овој пат да направиме еден потез од позицијата, иако предлогот доаѓа од опозицијата да го поддржам овој предлог за донесување на закон. Јас одредени работи што ќе ги изнесам овде се работи со кои што сум се соочил во мојата досегашна работа. Не знам колку знаете јас досега работев како републички инспектор трудов при заштита на работа и на некој начин кога ја спроведувавме одлуката на Влада со која не обврза за да добие решение за работа за одреден објект, претходно да се бара решение за употреба на објектот. А за да се добие решение за употреба на објектот, тоа значи тој објект да ја поседува целата техничка документација поаѓајќи од локација, согласносни од неколку министерства, за на крај од Министерството за урбанизам да даде решение за употреба на објекти. Тек тогаш Комисијата популарно наречена ХТП треба да излезе на терен и да ја уочи фактичката ситуација. Што значи целата процедура, целата работа е веќе еднаш завршена а оваа Комисија составена од трудовиот инспектор за заштита

при работа, од инспекторот за стопанство и санитарниот инспектор е сувишна. Кои се проблеми се јавуваат при ова. Факт е дека за добивање на тоа решение не знам од кој причини, но најмалку се потребни 4 или 5 месеци. Имајќи ја предвид ситуацијата во која се наоѓа стопанството имајќи предвид дека во моментот секојдневно се отпуштаат работници по разни основи, да им се даде една можност тие работници да можат барем привремено да си најдат алтернативно решение, со тоа што ќе преуредат одредена просторија за продавница или за било која друга дејност. Сфаќате дека за да може да регистрира една најобична продавница 4 х 4 за продавање на прехранбени производи или било кој други производи граѓанинот е ставен пред обврска да чека 4 до 5 месеци со тоа да добие согласност од Министерството за урбанизам, од Министерството за сообраќај, од Министерството за труд и социјална политика, од Министерството за здравство, од Министерство за внатрешни работи,и не знам кои се согласности за ете една најобична просторија. Морам да го демантирам предлагачот дека сега со најновите упатства за употребни дозволи кои се даваат за целиот објект веќе не се бараат посебни употребни дозволи за секој локал, но факт е дека најголеми штети трпат при- градските населби околу Скопје како што е Сарај. Постои една фактичка ситуација каде што куќи изградени на место каде има детален урбанистички план, но кој детален Урбанистички план не знам ни јас дали ќе може некогаш да им се оствари, има куќа или друг објект за кој има инфраструктура, пат, телефон, струја, дури плаќаат данок за тој имот, а не можат тој објект да го регистрираат за обавување на одредена дејност иако по сите прописи од Правилникот за општи мерки при заштита на работа за работни и помошни простории и простори, кој го користи републичкиот трудов инспектор , ги исполнува

само за тоа што тој не може да добие решение за употреба на објектот. Да не зборуваме за другите проблеми со кои се соочуваат затоа што подалечните места кои не се приградски, немаат одреден урбанистички план, до такво решение не места да дојдат поради други причини7 затоа што не е донесен Законот за денационализација, затоа што земјиштето е национализирано и не може да се префрли од еден сопственик на друг, а уште повеќе селските населби кај што нема одредени граници на развој исто така се соочуваат со овој проблем, не можат да дојдат до такво решение.

Па би ве замолил овој пат овде да најдеме сили да им излеземе во пресрет на граѓаните и да го гласаме Предлогот за донесување на закон, а во меѓувреме во идната фаза да се разработи и тој закон и за другите дејности не само за трговија.

**ЈОРГО ШУНДОВСКИ:**

Владата по овој Предлог - закон даде свое мислење и јас морам да го кажам истото мислење и денес истиот став на некој начин ќе го презентирам и после објаснувањето на предлагачот на Законот. Тука се две варијанти предложени во овој закон и тоа по првата опција или во првата варијанта се издавање на дозволи на употреба на оние кој еднаш го направиле тоа и кој добиле веќе употребна дозвола и второ е за оние кои немаат никаква документација или се водат како бесправни градители кои не можат по ниеден основ да добијат ваква документација.

Што се однесува за првиот случај за вршење на трговска дејност на друг трговец во истиот објект, тука Владата имаше позитивно мислење, иако тоа и не мора тоа да се пишува, во пракса се дозволува да ја врши

дејноста доколку за објектот има употребна дозвола, односно во Законот може да стои оваа одредба.

Втората одредба менувањето на членот 55 и давањето на две години период за доусогласувањето со деталните урбанистички планови, тоа значи веднаш пркосење на Законот за инвестициона изградба, таму каде што јасно и гласно се кажува објектите кој се градени без градежна дозвола, а последователно на тоа следува и потребната дозвола, фактички не постојат во просторот, или ги нема во урбанистичките планови. Со овој член, или со овој додаток на законот за вршење на трговска дејност, автоматски се легализираат тие бесправни градби и на некој начин добиваат лажна надеж документите кој ќе ги добијат од останатите министерства пред се од Министерството за стопанство, Министерството за труд и социјална политика, дека веќе тие имаат некој документ за егзистирањето и постоењето на тој објект, едноставно се крши правилото дека тие објекти се бесправно градени. Можеби треба да се изменат формулациите во однос на членот 55, па да се направи нешто и тука да се најде некој начин. Она што е оптимистички во овој период и за кој мислам дека и не треба да се брз со овој закон, тоа е што г-динот Шапуриќ кажа, во Министерството за урбанизам се врши интензивна подготовка за измена на деталните и основните или генералните урбанистички планови во повеќе населени места и овие проблеми кои сите беа на говорница искажувани, на некој начин ќе се разрешат многу брзо и многу поглобално, не парцијално по случаи, ќе се разрешат на територијата многу поглобално онаму каде што има комплекси на бесправни градби. Онаму каде што има мали или парцијални измени за тоа локалната самоуправа може слободно да донесе свој акт за измена и дополнување на урбанистичките планови онакви какви што се сега и сите овие бесправни градби да се обиде да ги

вклопи. Јас сепак би ја повикал локалната самоуправа да направи потези за вклопување на овие објекти, а не вака со овој дел од Законот. Инаку во суштина се согласуваме Законот да оди во две фази и во таа меѓу-фаза да речам во Предлогот на закон да се усогласат сите одредби во самиот закон за преадаптација или измена и дополнување на објектите за вршење на трговска дејност.

**ЗОРАН ШАПУРИЌ:**

Почитуван претседателе, почитувани министри, почитувани пратеници,

Ова што го кажа министерот Шундовски за овие дилеми каде да биде, јас и тогаш имав дилеми и консултации со стручњаци во оваа област дали да биде во членот 55, или во член 10 ова друго решение меѓу другото и покрај ставот на Комисијата за стопанство беа одлучувачки да оди во две фази и затоа ќе оди во две фази. Инаку само сакам да кажам, точно е тоа дека се отпочнати активности за донесување на овие планови меѓутоа, тие долго ќе траат од низа при-чини. Една од причините, знаете г-дине почитуван министре дека сите подзаконски акти сеуште не се донесени не е јасно како ќе биде. Порано имавме јавна расправа сега да речеме за измена на основните и деталните планови, таа одредба треба да биде јавна анкета. Меѓутоа, не е се уште јасно на кој начин ќе се одвива, дали самата достава има и дилеми уште, пред да почне во пракса, доколку се се усвои такво решение секој граѓанин дека мора такво решение со доставница да го добие, тогаш процедурата за јавна анкета ќе трае година до две. Тоа се зависи од тие решенија.

Друга работа, знаете дека во Скопје е застарен веќе 30 и нешто години основниот план. Тој план воопшто не одговара на потребите на

градот Скопје. Целата таа работа на измена на Основниот план е обемна работа, можеби и стопати поголема отколку во било кој град. А без тој Основен план не можат да се извршат деталните планови. Од друга страна пак, имаме сега отпочната процедура и тие ќе се довршат. Меѓутоа, со Законот за просторно и урбанистичко планирање Основниот план го носи Собранието на Градот Скопје, а деталните ќе ги носат општините. Самиот тој период ќе претрпи, бидејќи средствата се третирани на ниво на Фондот на јавното претпријатие, односно на ниво на Градот, додека тој вакум ќе настане така да затоа се предлага тој период од две години. Никако не значи тоа легализација на диво решение. Само едно одложување, бидејќи јасен ми е законот за инвестициона градба. Меѓутоа, се до донесувањето на Законот за трговија во мај односно беше критичен ден 9 мај можеа министерствата за стопанство и за труд и за здравство да дадат КТП - согласност на Министерството за урбанизам, Дури по донесување на тој критичен ден за да се случи единствено некој кој поднел на 8 мај да го добил тоа решение и оној на 9 мај.

Од сите овие причини а и поради тоа што оди во две фази сметам дека треба да се подреди законот а овие нормативни дилеми дали во 55 да биде или во член 10 каде се суштински натаму остануваат и тогаш беа присутни ќе ги решиме во првата фаза.

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-дин Исмет Рамадани.

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:**

Г-дине претседател, дами и господа пратеници,

Мислам дека треба уште малку ние да правиме напори да се лодираат во позитивна смисла до Владата на Република Македонија

односно до ресорните министри кои навистина треба во фазата што престојува да се разреши овој проблем во смисла на тоа граѓанинот сопственик или тој што се бави со трговија во една ваква празнина сепак тој ни вели вака: "правете што сакате, али ние сакаме да живееме, па сакаме да работиме". Зошто велам вака? Велам затоа што ние признаваме дека некој работи ни одат многу бавно. Дури една бројка која ја слушаме овие денови кога се зборува на големо за територијалната поделба во Република Македонија, велиме 1,3% во РМ е урбанизиран. Е па сега исто така. Кога сме виновни за некој работи што навреме не се разрешени. Тогаш јас мислам дека сепак треба да се интервенира во овој случај во интерес на граѓанинот се додека не ги доведуваме некој работи таму каде што треба.

Имаме земјиште национализирано што значи сеуште е денационализирано. Немаме закон за денационализација. Исто така, почнавме со некоја легализација на објекти, меѓутоа, таа трае сигурно едно 20 години. Јас знам само еден дел дали тоа зависи од тоа кој беа во тие мислам населби итн. Знам едно дека некаде во Тафталиџе или Горче Петров нешто легализирано и така али другите објекти кој се изградени или се приградски ли селски со години можеби 20 или 30 години остануваат уште така. Затоа јас мислам дека добро е уште малку да се размисли и од Владата на РМ да се прифати и тој втор дел од Законот што го предлага г-динот Шапуриќ за да можеме ние,можеме и да пораваме и да исправиме после, и мислам дека ова можеби ќе поттикне таа динамика на легализација на тие е така наречени дивоградби да оди побрзо и можеби еве и таа урбанизација за која овие денови повеќе зборуваме. Мислам дека треба да се прифати вакво нешто и мислам дека е ова гласот на граѓаните, односно тие што ние ги сретнуваме во секојдневието и токму ова го бара од нас.

Благодарам.

**ЉУПЧО БЕЛИЧЕВ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги и колешки, почитувани министри, проблемите присутни во општините со кои секојдневно граѓаните се судруваат, оние кои имаат објекти, односно дуќани, а кои не се предвидени со основните односно деталните урбанистички планови во населените места да бидат објект - дуќан, се причини овде јас да излезам и да дадам позитивно мислење на предлогот од предлагачот, а тоа е во оваа фаза да помине предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на законот аз трговија, а во 11-фаза да размислуваме околу суштината на членовите кои треба да го преземат и мислењето на Владата во однос на членот 1 што се менува, а тоа е сосема оправдано бидејќи ако иста трговска дејност, ако е иста потребата таа употребна дозвола, односно исти услови, ХТЗ и другите, тогаш самото прашање на промена на лицето кое е трговец, односно продавач не треба да биде причина што се бара нова употребна дозвола бидејќи оние, другите критериуми и услови се веќе исполнети односно дадени на претходниот трговец.

Би сакал да кажам дека на овој начин ние, барем во периодот додека не се донесат деталните урбанистички планови и основните а колку што имам информации барем повеќе од половина општини во државата се во тек на изготвување на овие или нови измени или дополнување на деталните урбанистички планови, да овие објекти односно сопствениците или продавачите во овие објекти се даде да обавуваат дејност без да ја имаат таа употребна дозвола и можеби во II фаза ако разговараме за текстот до изготвувањето односно до ревизијата на урбанистичкиот план кога е веќе ќе се знае судбината на

тој објект. Ако објектот биде предвиден и задржан во деталниот урбанистички план како дуќан, односно објект за трговија, тогаш веќе ќе треба и да се бара онаа употребна дозвола. Ако во тој период не биде задржан, односно со ревизијата, тогаш веќе мислам дека тој не може да ја добие онаа употребна дозвола.

Проблемите на невработените граѓани во општините можеби се и причина што еве и мојот уважен колега ја иницира оваа постапка за донесување на измени на овој закон од причини што на овој начин ќе имаме две работи. Или ќе се работи диво, односно инспекциите ќе имаат големи проблеми во поглед на издејствување на мерка за престанок со работа како резултат на немање на употребна дозвола, односно диво работење, или пак ако тие до крај го почитуваат законот, бројот на вработените, барем оние по двајца во дуќан ќе биде зголемен односно ќе се зголеми бројот на вработените. Овде со оглед на состојбата во која живееме и се наоѓаме треба да имаме уште малку трпение во овој период нека не биде 2 години, нека биде и една година или нека биде до измените и дополнувањата или до донесувањето на урбанистичкиот план во дотичните населени места да биде оставен на можност овие луѓе да ги работат.

Од овие причини јас исто така давам поддршка на овој закон.

**ЗОРЕ ТЕМЕЛКОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, од сите дискусии произлегува дека навистина овој закон заслужува едно поголемо внимание и мислам како стопанственик и јас и сите мои колеги сме на мислење и затоа Комисијата за стопанство даде една целосна поддршка бидејќи законот е во контекст на времето во кое живееме ги решава

проблемите на невработеноста во стопанството и затоа заслужува внимание и поддршка од сите нас бидејќи е во пресрет на граѓаните и решавањето на овие проблеми кои што секојдневно не опкружуваат. Затоа сметам дека ваквиот предложен закон во две фази во целост ќе го поддржам. како стопанственик бидејќи со тоа отвораме еден процес за целосно решавање и вградување на законодавната сфера во сите сфери, сегменти од нашиот живот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор? (не)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

1. Собранието на РМ го усвојува предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за трговија.

2. Владата на РМ ќе изготви и на Собранието ќе му достави предлог на закон, (реакција на некои од пратениците во салата тоа да го направи предлагачот), а се разбира може и предлагачот. Предлагачот, г-дин Шапуриќ ќе изготви и на Собранието ќе му достави предлог на закон при што да ги има предвид мислењата и укажувањата содржани во извештаите на работните тела на Собранието, како и укажувањата од расправата на седницата на Собранието на РМ.

3. Овој заклучок заедно со извештаите на работните тела на Собранието на РМ и укажувањата од расправата на седницата на Собранието на РМ ќе се достави до г-динот Зоран Шапуриќ и Министерството за стопанство.

Кој е за предложениот заклучок молам да крене рака.

64 пратеници гласаа "за".

Дали има некој против?

1 пратеник.

Дали некој се воздржува од гласање? (не)

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок.

**Точка 5** - Предлог за донесување на закон за територијална поделба на Република Македонија и определување на подрачјата на единиците на локалната самоуправа.

" Предлогот за донесување на законот, извештаите на работните тела и забелешките на пратениците Џеладин Мурати, Бранко Арсовски, Борис Костаќев и Горѓи Атанасов, Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес, молам кој бара збор.

Има збор г-динот Владо Поповски, министер за правда.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани дами и господа пратеници, денес започнуваме со донесување на еден од можеби најсложените закони, законот за територијална поделба на РМ и определување на подрачјата на единиците на локалната самоуправа. Законот е сложен затоа што засечува во повеќе конституирани интереси и позиции не само на определени подрачја туку и на цели структури. Од тие причини многу е важно да се укаже на концепцијата на значењето на принципите од кои тргна овој закон и на очекуваните резултати кои што се очекуваат од ваквиот закон за територијална поделба на РМ.

VI/5

Пред да пристапам кон суштинските аспекти во образложение на концепцијата на принципите и на очекуваните резултати и да укажам дека веќе од 19 91 година непосредно по донесувањето на Уставот на РМ, а особено 1993 година од кога започна процесот на подготовката на Законот за локалната самоуправа до Владата на РМ односно до Министерството за правда систематски пристигнуваат барања од населени места за формирање на општини. што значи, можеме да констатираме дека граѓаните на РМ со прашањето на територијалната поделба и на создавањето на единици на локална самоуправа на нови општини живее веќе 5 години.

Законот за локалната самоуправа конечно беше донесен на 26 октомври 1995 година и по донесувањето на Законот за локалната самоуправа кој што ги постави принципите, концепцијата на единицата на локалната заедница и ја детерминира на тој начин концепцијата на територијалната поделба започна официјалната постапка за прибирање на барања за формирање на нови општини. Таа постапка се официјализира преку официјален оглас во медиумите и во Службен весник, таа се остварување преку меѓуресорна комисија од 5 органи на републичката управа посетувајќи ги сите центри или населени места кој што бараа формирање на општина за да проверат колку, на лице место имаат претпоставки за формирање и за постоење на таква општина предвидена со законот за локалната самоуправа. Таа процедура продолжи преку мешовита комисија од истите ресори дополнета со стручен дел од најеминентни претставници од науката на РМ вклучувајќи демографи, вклучувајќи географи, аграр, економисти, социолози на селото и во една продолжителна постапка практично го изработи работниот текст на предлог законот или на нацрт законот и го пушти преку Министерството за правда во Владина постапка. Владата го утврди

овој предлог закон за донесување на закон за територијална поделба на РМ и определувањето на подрачјата на единиците што денеска е пред вас.

Од тие причини Владата предлага,- од тие причини значи од тоа што постапката веќе трае континуирано со години, а официјално трае веќе повеќе од 6 месеци, предлага овој закон да се донесе во две фази. Денес да се разгледа како предлог за донесување во наредната фаза како предлог закон. Имајќи предвид дека меѓу оваа фаза и следната фаза ќе има исто така еден период од 30 до 40 дена, Министерството за правда како надлежен орган за локалната самоуправа може до крај да ги документира досиејата на сите побарувања за општините со нужните консултации што се предвидени во членот 15 од Законот за локална самоуправа, а до овој момент во голем процент таква консултација е извршена.

Вие исто така можете да заклучите од сите прилози што вчера и денеска достигнуваат до Собранието до страна на месните заедници и населените места дека практично се одвива јавна дискусија веќе уназад месец, можеби до два, мошне интензивно и колку повеќе се приближуваме до денешната седница и денес и натаму мислам дека таа јавна дискусија на населените места на граѓаните во Републиката ќе добие уште повеќе на интензитет.

Затоа сметам дека е умесно прашањето односно умесен е предлогот законот да се донесе во две фази. Ништо посебно не би се постигнато доколку се донесе во три фази, бидејќи таа меѓуфаза, една од трите што е предвидена како дискусија, практично се одвива веќе седум месеци и ќе се одвива и наредниот месец.

VI/7

Во рамките на досегашните реагирања има неколку крупни забелешки, на една од нив сакам да се задржам, бидејќи ја тангира концепцијата пред да се определам односно пред да ја појаснам, така да речам концепцијата од едно позитивно становиште што таа содржи, што претставува и што се очекува од неа, на почетокот од едно стојалиште на појаснение што таа не содржи, што не и беше нејзе целта и какви резултати практично не сакаат творците на оваа концепција да постигнат и сметаат дека не постигнале и нема да постигнат со оваа концепција.'

Бидејќи има многу шпекулации во јавноста дека територијалната поделба се врши предоминантно, врз политичка основа, со политички мотиви дека е исполитизирана и дека најголемата политизација се однесувала на линија на меѓунационалните односи. Сакам да укажам веднаш дека елементот на меѓунационалните односи во ниеден момент не беше елемент од концепцијата во смисла на нарушување на меѓу националните односи, на создавање на таканаречени чисти и национални етнички општини таму каде што тие не се чисти, што подразбира прекројување на реалниот простор со вештачки граници и ставање на населени места таму каде што не припаѓаат, таму каде што не општат, таму каде што географски и традиционално не се.

Една од главните грижи а во склад со членовите 11 и 15 во Законот аз локална самоуправа се настојуваше да се предложат за општини првенствено врз база на барање реални локалитети или реални локални заедници кои што традиционално се блиски и имаат систематски меѓусебни односи кои што претставуваат географска целина, кој што можат да претставуваат економска целина, кои што имаат компактни

интереси и претставуваат населби по можност од чист вид или од многу сличен вид. Што значи да се направи една реална општина која ќе може преку своите институции да се концентрира врз непосредните примарни и реални интереси на граѓаните и нив успешно да ги решава.

Токму од тие причини како резултат на концепцијата што вам ви е пред вас на масите за работа, не се доби никакво пореметување на меѓунационалните односи од стојалиште на територијалната поделба, дури ќе изнесат податоци овој концепт ги демократизира или унапредува меѓунационалните односи во РМ. Еве ги податоците: Во сегашната територијална поделба на РМ од 34 општини во 11 општини има режим на двојазичност со тоа што двојазичноста се јавува само во врска со албанскиот јазик или јазикот и писмото на албанската националност што претставува вкупно 32,35% на двојазични општини од вкупниот број на општини во РМ.

Според предлогот што вие го имате на расправа, 44 општини имаат статус на двојазичност кој што во однос на 111 општини претставуваат 39,64% зголемување за 7,29% реално на бројот на општините што добиваат двојазичност. Со тоа од вкупниот број 36 општини се двојазични општини со јазикот и писмото на албанската националност или 36 општини во односот на 111 претставуваат 32,43%, во однос на 32,35% минимално унапредување, но во никој случај не постои негативно пореметување на позицијата на двојазичноста на албанската националност бидејќи зборуваме за шемата или концепцијата на локалната заедница. Со тоа што, во овој нов предлог добивме нови општини и тоа 6 општини кој што ќе бидат двојазични со јазикот и писмото на турската националност, од кои во 4 односно во 2 општини има над 50%, а во 4 од 20 - 50 % припадници на турската националност и 2 општини добиваат статус на двојазични со јазикот и писмото на

српската националност, што значи дека концепциски во резултатите иако, еве реагира г-динот Фаик Абди, тоа ако заврши така ќе има и со ромски јазик, меѓутоа, засега е ова, што значи дека концепциски според потенцијалот или капацитетот на оваа концепција на планот на двојазичноста или меѓунационалните односи овој закон значи придонес кон натамошно демократизирање на меѓунационалните односи посебно квалитетно, со тоа што опфаќа по прв пат или што нуди по прв пат двојазичност и на други две националности кој што реално, по својата пропорција се веднаш зад албанската националност во Република Македонија.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:(**Продолжение)

Од тие причини од ова становиште тешко да може да се докажат спротивните аргументи.

Која е концепцијата, позитивно поставена во однос на Законот што е пред нас?

На прво место, како што знаете, Закон за локална самоуправа ги детерминира главните пунктови на концепцијата и беше јасно дека пристапуваме кон формирање на помали или ако сакате на мали општини. Но, поимот мали или помали да го земете условно за да не биде единствен реторички момент за критика, бидејќи би изгубиле многу енергија во празно. Станува збор за формирање на поголем број општини што ќе бидат значително помали од постојните. Просечната општина во Република Македонија денеска опфаќа некаде околу 700-850 квадратни километри и опфаќа некаде околу 170 илјади жители во просек. Бидејќи по сеќавање го кажувам, мислам дека нема некои поголеми грешки во таа смисла. Дека тоа беа општини од територијалната поделба на претходниот политички концепт, тие беа тело од телото на државата, со својата административа и институционална рамка, единствен спроводник на законите на три нивоа: на сојузните закони, на републичките закони и на општинските прописи и беа практично држава во држава по таа основа.

Концептот на локалната самоуправа во смисла на поделбата за локална самоуправа на Советот на Европа и во смисла на традициите на локалната самоуправа е концепт што првенствено така да се каже остварува функции на цивилното општество или е концепт и струк-ура што припаѓа на цивилното општество,или поточно е концепт и структура што се наоѓа помеѓу цивилното општество и државата. Што значи дека општината или локалната самоуправа првенствено треба да се сврзе со

основните и примарни интереси што се реални интереси на граѓаните. А, тоа се интересите на нивната животна средина, интересите поврзани со урбанизмот, со комуналните работи и со основната социјална, здравствена, предучилишна или училишна грижа, каде што нашиот закон направи еден получекор и кажа дека таму се општините надлежни над нивото што државата го обезбедува, бидејќи се наоѓаме во една таква фаза. А, веројатно со една тенденција тие нивоа и тие интереси да ги освои општината во едно догледно време, тогаш кога таа ќе постане реална институција способна да ги носи истите.

Имајќи предви дека се гради таква општина се тргна исто така и од нормативите на Законот за локална самоуправа дека таа треба да биде географска, економска целина, поврзана меѓу себе, сообраќајно да гравитира кон одреден центар што би бил заеднички, да има основна инфраструктура и да има објекти од општествен стандард за да може општината да почне да функционира и да работи.

Затоа сакам да потенцирам дека со овој Закон ние не ја довршуваме работата или не го довршуваме проектот над локалната самоуправа. Со овој закон на просто го почнуваме многу долгиот пат,за наши услови,кон остварување на концепт и на структура на локална самоуправа.

За да можеме да констатираме дека Република Македонија има реална локална самоуправа, веројатно ќе треба уште многу нешта да сториме на планот на трансформацијата на државната економска политика, на планот на врзувањето програмско и функционално, на фондовите за регионален и локален развој по основ на ридско - планински, пограничен недоволно развиени подрачја, на планот на врзувањето на странски средства што стимулираат индивидуална, фамилијарна, но во секој случај приватна претприемливост во многу области, особено што се врзуваат со руралните подрачја, што значи дека

ни треба долго време додека се создаде основа да кажеме дека единиците на локална самоуправа веќе се генератор на развојот на комуналните дејности на урбанизмот и на основните реални интереси на граѓаните на своето локално ниво и претставуваат на таа основа база за регионално планирање и вклучување, така да се каже, во пошироките можности на еден поширок регион кој што до тогаш ќе се остварува како функционална соработка меѓу единиците на локална самоуправа. Можеби подоцна во еден нов период преку едни нови измени на Уставот ќе го создаде и вториот степен на регионално локално самоуправување, што ќе ги преземе функциите на регионалното просторно планирање, на реалното регионално поврзување без политизација.

Како што можете да заклучите во овој предлог предложивме 111 општини без претензција да тврдиме дека тоа е совршен и завршен, со идеа, односно со констатација дека не е можно се да се опфати во еден проект и да не се згреши ниту еднаш.

Од тие причини сме комплетно отворени на реалните аргументи, предлози и сите оние фактички грешки кои што отстапуваат од концепцијата. Подготвени сме целосно да ги прифатиме.

Што се однесува до концепцијата, би сакал само да кажам дека за условите на Македонија, сите овие принципи што ги спомнав беа дополнети со оглед на реалноста во Македонија со еден дополните- лен многу значаен принцип кој што,како фактор изврши силно влијание во самата територијална поделба. Тоа беше обидот или наодот на прво место на Стручната комисија, на Ресорската комисија да се уигра или да се вклучи со свое влијание принципот на издвојувањето на рурални- те локалитети од урбаните локалитети, толку колку што е можно, толку колку што е природно за да може да се создаде еден поброен систем

еден поброен систем на институции на локална самоуправа кој што во областа на руралниот простор на Македонија со своите специфични, инаку маргинализирани, заостанати-, потценети, неразвиени потреби ќе ослободат зголемена енергија и ќе предизвикаат редистрибуција на финансиските средства и можности на Републиката, врзувајќи ги нив за широкиот простор а не само за урбаните средини

Овој принцип е посебно важен за Македонија и од причини што во Македонија подолго време настана една неприродна внатрешна миграција која што имаше за главна особина на миграција во правец село - град, што како резултат имаше механичко ширење на градовите или нивно работење до степен на атрофија во урбана, комунална, производствена, социјална, културна и која и да сакате друга смисла и од другата страна егзодус на селото, на огромни простори на Република Македонија по секое критичко ниво, односно егзодус кој што ги загрози елементарните функции на стопански, економски, социјални, културни на самиот тој простор.

Од тие причини во Македонија создаде една неверојатно негативна структура на населението на просторот или демографски распоред на просторот кој што веројатно е една од најнегативните ако не и најнегативна во Европа, со податоци дека 83% од населението на РМ живее на една третина од просторот, а 17% од населението на РМ живее на 2/3 од просторот. Или со други зборови Македонија го има рекордот по густина на население по квадратен километар со околу 780 жители на квадратен километар како што е Полошката рамнина населена, и веројатно рекордот во негативна смисла со 0,85% население на 1 квадратен километар во другите делови, особено во еден огромен басен кој што е петина од територијата на РМ, како што е Мариовскиот басен. Таа ненормална миграција или тоа механичко претрпување на градот како една од карактеристиките на РМ доведе и до напуштање на околу

250 илјади хектари обработлива земја што е во категоријата ораници. На тој начин влијаеше на раздвојувањето на демографскиот фактор или човечкиот фактор од природните ресурси не само по основ на обработливо земјоделско земјиште, туку по основ на раздвојувањето од простори со шумско богатство, вода, рудно богатство како што е примерот, на пример,на Мариово. Или, до комплетно запустување на просторот кој што, не само што не го одржа ниското ниво во стартот во 50-тите години, туку се деградира уште повеќе деградирајќи ги станбените објекти, населените места, сообраќајниците изворите, водите и се друго што е исто така карактеристика веќе не само за Мариово, туку и за големи делови од Охридско и од други, на пример Битолско во одредени региони и други делови на РМ.

Токму од тие причини сметавме дека е важно руралните средини да можат да формираат сопствени институции на локална самоуправа во рамките на реални локалитети да се концентрираат на основните потреби со претставници од тој ист тип на населби, сметајќи дека на таков начин и воопшто во механизмот на одлучувањето дека ќе добијат шанса да донесат одлуки и во корист на руралните средини.

Истовремено сметавме дека градовите ќе се релаксираат на таков начин, дека ќе се концентрираат конечно нивните институции да ги решаваат проблемите на градот, што се нерешени и хронично се болни сите градови во РМ од урбанизацијата преку комуналиите, социјалните, културните и други функции, односно во обидот да се надмине субстандардното ниво и начин на живеење и на граѓаните кои инаку формално припаѓаат во градовите каде што практично градските езгра се нарушени и задушени од огромни концентрични прстени околу нив самите.

Затоа и сметавме конечно, дека сегашната постојна територијална поделба на Република Македонија што беше сегмент на една глобална економска и развојна политика на претходниот систем, компатибилен сегмент придонесе во Македонија во однос на просторниот распоред на демографскиот фактор, во однос на просторниот распоред на економските, социјалните, културните функции Македонија да доживее еден вид на елементарна непогода, односно еден од факторите кој што најнегативно се одрази во минатите 30 години е постојната територијална поделба која ,што конечно се дефинира 1964-1967 година и се укина една, пред тоа по наше мислење, за жал пост фестум мислење, многу пофункционална поделба која што беше некаде на ниво 1955 година 171 општина, а на ниво 1958 година 71 општина во Република Македонија.

Во основа, тоа се основните појдовни концепции. Уште еднаш да потенцирам мотивирани со оглед на овие функции околу ревитализацијата на просторот, задржување на сегашното население, подигнување на степенот на урбанизација на нивото на комуналната и друга инфраструктура и заживувањето и повторното евентуално, со претпоставки за голема можност но можеби постои 10 или 15 години, за повторно спојување на доволниот демографски фактор со природните ресурси. Никакви други аспекти во концепцијата не постојат.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор господин Мурати.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Почитувани пратеници, господине претседателе,

Се наоѓаме пред конкретен законски проект од интерес за граѓаните на Македонија, проект кој трае веќе од 1992 година и за кој се

поднесени доста забелешки, петиции, реакции, барања, побарувања, за измена и дополнување. на предложениот концепт.

Уште на почетокот сакам да истакнам дека има повеќе причини да го поддржам донесувањето на овој закон, бидејќи со неговото донесување сигурно ќе се разрешат многу проблеми и дилеми во функционирањето на локалната самоуправа, но истовремено предлагам овој законски проект да се донесе во три фази.

Фазата на идеи и размислувања на сметки и пресметки, предлози, концепти е замината. Но, сепак постојат огромни барања за изменување на поедини предложени решенија. Од овие причини сакам да изнесам некои мои лични опсервации па' и објективни услови, можности и барања на граѓаните.

Политиката на територијална поделба е комплексен проблем кој вклучува политички, демографски и развојни вреднувања. Секако, тука, како што јас го гледам овој процес битен е уште еден сегмент, а тоа е психолошкиот кој ценам дека воопшто не се почитувал во конституирањето односно во предлагањето на овој концепт на овој закон. А, е многу значаен и респективен. Овие фактори целите на територијалната поделба ги отежнува и тие добиваат повеќе димензионален карактер, затоа што не се за еднократна употреба, туку се со стратегиско значење за севкупниот развој на Републиката воопшто и општините односно единиците на локалната самоуправа посебно.

Факторите што го определуваат општиот јавен интерес за територијалната поделба на РМ, според ова што го нуди предложениот концепт на законот за кој и денеска расправаме се две:

Прво, целосна централизација на државната администрација, драстично осиромашување на функциите на општината и раситнување на постојните општински меѓи.

VII/8

Ова е последна длабока трансформација на политичкиот систем со која општината како политичка заедница се претвора во единица на локална самоуправа. Практично одреден дел на населението се провинцијализира. Со предложената поделба се создава нова општествена и политичка структура наречена локална самоуправа со нови желби, со нови аспирации и силно изразени микро интереси. Оваа трансформација на четвртиот сегмент на општествено економскиот систем се остварува со преобразвање на општинските меѓи и не само тоа. Тоа се остварува во 'различни димензии и со различни феномелошки карактеристики и етнички фактори.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ**: (продолжение)

Главно, урбаните структури се ослободуваат од руралните, драстичен пример е Тетово, Гостивар, Кичево или обратно. Но, тоа не е добро, зашто не се почитуваат просторно функционалните аспекти на поделбата на териториите. Напред изнесените постапки се доволен доказ дека територијалната поделба има и политичка димензија, за која досега и министерот зборуваше дека ја нема. Немам намера, ниту сакам процесот да се политизира. За ова веќе има и конкретни појави и конкретни најави, реакции и барања, отпори и се повеќе се повикуваат на граѓанска непослушност за евентуалното останување на овој концепт што се предлага. За непочитување на поедини законски решенија.

Оттука, адекватно стана прекројувањето на новите општински територии е основниот предуслов за нивно ефикасно функционирање. Со сиот респект кон експертите и комисиите, кои ја подготвија оваа рамка, ставајќи ги под лупа сите можни критериуми за раситнување на населбите, нивна претумбација, предлагајќи при тоа и едно село да прерасне во општински центар зборува дека не се респектирани критериумите, дека сепак владеело ало-ефектот, субјективизмот, системот врска и пријателство и н. Важно е да се одбележи дека создавањето и градењето на локалната власт и нејзина операционализација во конкретна територијална поделба бара сериозна и глобална анализа за ефектите и ефикасноста на делувањето на оваа поделба во нејзиното конкретно делување во иднина.

Глобаланта анализа би требало да ги опфати сите поважни аспекти на фундаменталниот однос на централната и локалната власт како однос на општото и посебното со конкретна илустрација на поделбата и функционирањето на раситнетата локална власт. Ова е

битно и од аспект да не создаваме нови општини само заради задоволуваше на формата. Ова го истакнувам и од причина што локалната самоуправа е самоуправа без управа, што практично значи дека локалните единици немаат управни ингеренции. Морам да истакнам дека градските општински центри ќе имаат поголеми и пошироки-компетенции, за што во нив ќе има регионални министерства, кога селските ќе бидат на ниво на месни канцеларии. Ќе беше добро територијалната поделба да се изврши врз пошироки технолошко - продукциони целини, при што да се води сметка и за развојните ресурси економски, стопански, земјоделски и сл. Овој принцип ќе беше по ефективен и порационален. Без ова не држи тезата територијална поделба на Републиката. Зошто? Затоа што се врши само внатрешна поделба на општинските меѓи, за ради што и постоја сериозни проблеми. Во овој контекст законскиот проект можеби е добар, но не е праведен. Имено, во градењето на реалните меѓи на поедини општински центри нивните природни гоеѓра ски и социоекономски специфики се дезинтегрираат. На неприципиелен начин и не со сила на аргументите. Од овој аспект јас имам неколку забелешки на овој законски проект со стратегиско значење за функционирањето и прогресот на демократско - политичките процеси во РМ.

Имам една забелешка на техничката страна на законот. Имено, недостасуваат податоци за споредување на населението по стари општини, населението по нови општини кои што се предлагаат, инфраструктурни објекти, стопански, културни, образовни и слични институции и површината во километри на новопредложените општини. Што сметам дека секој закон во елаборацијата треба да ги има на крај

Прва моја главна забелешка на предложениот законски проект се однесува на бројот на новите предложени општини, т.е. 111, за кои сметам дека преголем и неодржлив за наши услови. Ценам дека

нормално е РМ да се подели на 65 до 70 општински центри со просек по 30 иљјади жители на општина. Ова би било засновано на развојно-економските ресурси и параметри, вклучувајќи ги тука и други суш-ински аргументи. Пред се, јас не гледам со оваа поделба јакнење на општествената и материјалната сигурност на граѓаните како една од задачите на социјалната држава.

Втората забелешка се однесува на неизедначеноста на населението во новите општини, што сметам дека при нивното формирање влијаеле волонтаристички и субјективистички принципи. Имено, во предложената територијална поделба на општините останува непроменета општинска територија со 19 иљјади жители, Виница, а се дели друга општина со исто толку население на две општини. На пример Берово, додека пак Брод со 11 иљјади жители се дели на три општини. Демир Хисар со 10 иљјади жители се дели на две општини. Ресен и Пробиштип со по 17 иљјади жители се делат на по две општини. Има и други вакви примери. Струмица, на пример, со 90 иљјади жители се дели на три општини, а Струга со 62 иљјади жители се дели дури на седум општини. Што не се случува, на пример со Титов Велес кој се дели на четири општини со 66 иљјади жители. Единствена рамномерна поделба уочлива е со општина Битола и Гостивар, кои се делат на осум општини а имаат по 106 иљјади жители. Но, видно отстапува Куманово од овие две општински центри . Куманово со 120 иљјади жители се дели на четири општини, колку и Титов Велес со 66 иљјади жители, Кочани со 48 и јади жители, Охрид со 61 иљјада жители и сл. Овие се доволни аргументи дека при прекројувањето на новите општински меѓи, кои се разбира не се ѕидови , не се респектирани доследно демографските и други природни фактори. Вакви примери и споредби можат да се редат и уште.

VIII/4

Само да истакнам само уште еден еклатантен пример на волонтаристички пристап при формирањето на општинските територии. Имено, Вевчани, струшко се предлага посебна општина. Ако не згрешам само со над три илјади жители. Немам ништо против Вевчани, но за принципи, аргументи, критериуми, се залагам и ќе се залагам и понатаму. Само заради маскирање на потребните критериуми за добивање статус на општина предлагачите на законот можеле аргументирано да предлагаат и други општини само со една населба или населено место. На пример, зошто не е Чегране со 8 илјади жители или Форино со 5 илјади жители или Врапчиште со над 6. илјади жители, или Боговиње со над 6 илјади жители, или Пирок со над 5 илјади жители или Челопек со над 6 илјади жители и тн. Сите села што ги спомнав се наоѓаат во Тетово или Гостивар. Овие примери го демантираат фактот дека понудениот концепт е компатибилен со европски модели на локална самоуправа. Европскиот модел на општина во просек има од 2.500 до 4.000 жители. Додека во Македонија тоа не е случај. Впрочем, тоа и не е можно. Заради мноштво причини, историски, геостратегиски традиционални, национални, културни, национални и тн. од овие причини овој предлог на закон е нереален да не речам и неприфатлив.. Сум убеден дека законот ќе се усвои. Но проблемите допрва ќе се појавуваат и тоа заради неповолната разместеност на населението и користење на двојни стандарди во оформувањето на општинската територија. Во овој контекст не гледам оправданост од поделба на некои сегашни општини. На пример, Берово, Брод, Демир Хисар, Пробиштип, Ресен, а некои немаат потреба од голема раситнетост. На пример Струга, Гевгелија, Кичево, Кочани , Охрид, Велес, Гостивар, Тетово и Битола.

Второ, евидентно е дека предлогот оди кон создаваше на селски општински центри без развиени или со минимални развиени инфраструктурни објекти. А со тоа се создаваат други стандарди на развојот. Се затвораат комуникациите и се остварува изреката "селанецот останува селанец" кои се гетоизира во планина, во полиња, се одвојува од културната база без соодветни културни претпоставки и предиспозиции. Градските центри се ослободуваат од селските проблеми и го задржуваат темпото на развојот, остануваат со присутниот развоен тренд на административен центар, на пр. Тетово, Гостивар, Кичево. Албанците во западниот дел на РМ како да се предодредени да живеат во руралните населби. Затоа, сметам дека формирањето на општини од 65 до 80 е сосема реална рамка. Се плашам дека тенденцијата на квантитетот ќе го изгуби квалитетот на општественото живеење која треба да биде една од примарните потреби на создавањето на новите општински подрачја.

Трето, со овој законски проект се оди во екстремна насока. Градските центри се ослободуваат од своите сателити, дури од селските населби кои се врзани за градовите. Значи, евидентна е целта откачување на селата од градовите и нивна гетоизација во неразвиена средина. Се прашувам зошто? Да имаме повеќе претседатели,. поголем апарат, поголеми проблеми.

Четврто, тезата дека со создавање на поголем број општини посебно со разведување на селата од градовите ќе се обезбедува порамномерен развој или ќе се ублажат разликите во степенот на развиеноста, не држи. Напротив, разликите ќе се зголемуваат и ќе се заостуваат во селските општински центар.

Петто, тезата дека новата територијална поделба на РМ се прекројува според потребите на граѓаните исто така не држи. Не држи од причина што општините се разоблечени од функциите што и во РМ

постои централизиран систем на владееше, т.е. власта е концентрирана во Републичките органи и ресорните министерства каде сигурно не претерувам ако кажам дека за секое нешто се бара потпис од министерот..

Оттука ваквата голема раситнетост што се предлага верувам е желба и интерес на поедини месни заедници, а не и интерес на државата, на стопанството на политиката. И ова не може поинаку да се објаснува, освен како калабалак за меѓи.

Шесто, понудената поделба нема економска, ниту финансиска оправданост. Напротив, таа се одликува со целосно отсуство на финансиското функционирање на новите општини. Понудениот концепт води кон дезинтеграција на просторот на економско и на социо - културен план. Во овој контекст си земам за право да констатирам дека се соочуваме со суштинското прашање дали со законот се врши политика во просторот или просторот се користи како политичка поделба на внатрешните општински меѓи. Оттука, ценам дека може да се дискутира за поделба на општините а територијална поделба на Републиката не е сигурно. Тоа ќе треба да се стори подоцна.

Овој предлог евидентно е дека и без да се нагласи има политичка позадина, посебно кога се има предвид националната струк- тура на населението и многунационалната структура на РМ за која господинот министер зборуваше. Не е тешко да се заклучи дека по секоја цена се прави обид градските центри да се доведуваат во ситуација соодносот значителен број да се измени, а некаде и формирање на нови општински центри врз национална основа. Сосема е недозволено да се појавуваат волонтаристички и субјективни принципи во прекројувањето на општинските меѓи. Оттука тешко е да се верува дека некои населби со сите свои специфичности што ги имаат, можат да се одделат од својата природна целина и да се спојуваат со други неприродни. Тоа се прави

или заради кабинетскиот пристап, или заради други цели. На пример, населбите Џепчиште, Пороj, Гермо, Требош, Шемшоло, Нераште, Одри, сите од Тетово. Од тие причини и изнесените забелешки и идеи предлагам да се редифинираат следните законски решенија. Населбите Пороj, Џепчиште, Гермо и Требош да бидат во состав на општина Тетово. Додека населбите Одри и Нераште во новопредложената општина Вратница.

За оправданоста на овие барања ќе ги изнесам следните причини. Жителите од населените места Пороj, Џепчиште, Гермо и Требош никако не ја прифаќаат новата територијална поделба, односно не се согласни да ја променат општината на која сега и припаѓаат.

Второ, населените места Пороj, Џепчиште и Гермо никогаш географски не гравитирале кон Теарце како општински центар, кој далеку од овие населби, околу 10 км, ниту пак тие претставуваат економско - географска поврзана целина кон овој општински центар. Исто така ни населението на населбата Требош геогравски гравитира кон сегашната општина Тетово, на која сега припаѓаат и затоа бараат да бидат во овие општински центри.

Трето, жителите на овие населени места се поврзани со заеднички потреби и интереси со општина Тетово и градот Тетово, а за кои постои интерес за нивен материјален и општествен развој и за учество на граѓаните на овие население места во одлучувањето за локалните потреби и интереси во општинскиот центар Тетово во кои сега се.

Четврто, населените места Пороj, Џепчиште, Гермо и Требош претставуваат природна социоурбана, социоекономска, географска, културна и земјоделско - стопанска целина со подрачјето на општина Тетово. Имено, сите врсти од стопанско, економски, образовен,

географски и урбан аспект се насочени и подредени кон постојниот општински центар Тетово.

Петто, во овие населени места и нивните граѓани секогаш биле поврзани со подрачјето на град Тетово, за што постоја солидно изградени и воспоставени комуникации, бидејќи се во непосредна близина. Односно населените места практично се предградија на градот Тетово Овие население места гравитираат со сиот свој развој кон Тетово, како од земјоделски, стопански врски, културни, образовни, урбанистички, административни, има заеднички служби,месни канцеларии, вработувањето, здравствената заштита, амбуланти, водостопанството, ПТТ услуги, комуникации, со што се создадени и заедничка интегрална развојна целина. Нивното одвојување значи дезинтеграција на оваа целина и нарушување на веќе постигнатиот степен на изграденост и инфраструктурен развој.

Шесто, природните карактеристики на теренот, географската положба, бројноста на населението, допирните точки со градот Тетово, досегашниот заеднички развој се битни елементи и детерминанти кои одат во прилог во овие населби да бидат во состав на општина Тетово, а не кон предложените општински центри Теарце и Желино.

Седмо, населбите Џепчиште, Порој, Гермо и Требош се наоѓаат во непосредна близина на градот Тетово односно на 3 км. далечнина и практично се нејзини сателити. Нивното одвојување би било исто како на човекот да му се сечат екстремитети. Впрочем, нелогично е овие населби да се припојуваат кон нов општински центар без да се почитуваат интересите, нивните желби и природните врски.

Осмо, претседателството на месните заедници на овие населби на двете одржани седници и средби со сите структури на населбите укажале дека не се согласни да се одвојат од градот и дека тие се составен дел на градот, но дека сето тоа се прави со одредена

политичка позадина. За ова тие доставиле и писмени барања до Министерството за правда и други надлежни органи, а на 13 мај оваа година делегација од населбите Џепчиште, Порој и Гермо до претседателот на Владата на РМ и министерот за правда поднесоа петиција со граѓански потписи од над 3.000 граѓани со кое се противат и бараат овие населби да бидат во состав на општина Тетово како природна, географска, урбана и стопанска целина.

Истовремено, населените места Одри, Нераште, треба да бидат во склоп на новопредложените општини Вратница, а тоа од истите причини за кои ги изнесов и во претходните излагања, бидејќи претставуваат, прво, географска целина, социоурбана, поврзани со комуникации, патишта ПТТ услуги, заеднички служби , месни заедници, амбуланти. Приближувањето на Одри и Нераште кон општината Вратница ќе овозможи оваа општина да биде покохезиона и појака, бидејќи постојат претпоставки населбите помеѓу себе да се поврзуваат со широка сообраќајна мрежа, со локални асфалтни патишта, а локалната патна мрежа гравитира кон Вратница.

IX/1.-ДВ/0М

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:** (Продолжение)

Во целост ги прифаќам заклучоците на Собранието на општина Тетово кои се доставени и до Собранието, а кои предлагаат сегашната општина Тетово со 1050 км., со 200.000 жители да се подели на пет општински центри и тоа: Тетово со населбите Тетово, Порој, Џепчиште, Гермо, Лавце , Селце , Вејци, Бозовце, Вешале, Бродец, Шипковица, Гаире, Лисец , Попова Шапка, Расадиште, Голема Речица, Мала Речица, Врбеница, Долно Седларце, Палиште, сараќино и Требош.

Второ, општина Теарце со населбите: Тераце, Одри, Доброште, Глоѓи, Нераште, Горно Орашје, Долно Орашје, Вратница, Пршовце, Брезно, Слатина, Варвара, Лешок, Потуње, Сетоле, Непроштено, Једуарце, Јелошник, Првце, јегуновце, Потбреѓе, Раотинце, Беловиште, Старо село, Рогачево, Јажинце, Раапаје, Прељубиште, Копанце, Студенце, Сиричино, Жилче, Јанчиште, Озурниште, Оточиште и Шемшово.

Трето, Општина Боговиње со населбите: Боговиње, Пирок, Камењане Долно Палчипгте, Горно Палчиште, Синичане, Горно Седларце, Ново село 2, Селце Кеч, Урвиште, Јеловјане, Новаке, Калник и Раковец.

Четврто, општина Челопек со населбите: Горно Челопек, Долни челопек, Жеровјане, Милетино, Радиовце, Теново, Блаце, Стенче, Волковија и Гургувница.

Петто општина Дервен со населбите: Желино, Палатица, Стримница, Ларце, Луковица, Меррво, Горна Лешница, Долна Лешница, Дебарце, Груп- чин, Седларево, Чифлик, Рогле, Ново Село 2, Копачин Дол и Церово.

Од сите овие предложени измени ценам дека надлежното министерство Комисиите кои досега работеле го изградиле овој концепт, ќе најдат сили да ги почитуваат и желбите на граѓаните на населбите на

нивните месни заедници за во иднина да бидат во рамките на тие општински центри кои тие ги бараат, за кои може да се изјаснат и по пат на референдум и со тоа да обезбедиме навистина нормално и ефикасно функционирање на локалната самоуправа.

**БЛАГОЈА СТОЈКОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници. Предлогот за донесување на законот за територијална поделба на РМ по мое длабоко убедување ќе внесе еден нов квалитет во севкупното живеење во Републикава, а пред се во овозможување на граѓанинот понепосредно да учествува во одлучувањето по прашањата од локално значење, ќе овозможи создавање на нови урбанизирани средини со можност за развој на малото стопанство, занаетчиство, земјоделие, сточарство, туризам, како и развој на вонстопанските дејности и разрешување на големите не разрешени инфраструктурни проблеми на одделни подрачја пред се во изградба на патишта, електрична енергија вода и друго. Развивање на сето ова од друга страна, по мое длабоко убедување ќе предизвика намалување на миграцијата село град и создавање на услови во понатамошниот развој и живеење да имаме и поравномерно населување на Републикава.

Сегашната концентрираност на населението покажува дека само една третина од површината на Републиката е населено, или населението е сконцентрирано во 35 градови и приградски населби, оставајќи зад себе огромни празни ненаселени простори, но и необработени.

Формирањето на многу поголем број локални самоуправи, кое можеби требаше да се направи пред многу години очекувам да даде многу позитивни резултати на планот на демографијата, на планот на економскиот, социјалниот и другиот развој на нашата Република.

IX/3.-

Од изнесеното во предлогот на Владата,образложението во него и уводното излагање на министерот, се гледа дека е вложен огромен труд на еминентни стручњаци, предлогот, пред се, да биде заснован на законските членови од локалната самоуправа 12,13,15 и 87, како и во задоволување на критериумите и тоа:

Подрачјето на кое се заснова локалната самоуправа да претставува природна, географска и економска целина. Комуникациите меѓу населените места и гравитација кон заедничкиот центар и да има изградено инфраструктурни објекти од општествен стандард.

Респектирајќи го предлогот за донесување на законот за територијална поделба на РМ, поднесен од Владата, како и критериумите врз кој истиот е заснован и искажувањето на министерот дека предлогот не е совршен и не е завршен, ја користам оваа прилика, во име на четворицата пратеници од Пратеничката група на СДС од Куманово, да поднесам конкретен предлог заснован на аргументи, засновани на критериуми за формирање на локални самоуправи. Предлогот се состои во следново:

Предлагаме да се формира локална самоуправа со седиште во село Клечовце, а истата да ги опфати следните населени места: Зубовце, Ново Сељане, Косматац, Мургаш,Довезенце, Горно и Долно Јачинце, Бељаковце, Рубинце, Стрезовце, Вујник, Сувора и Дренок. Причини од кои го предлагаме горното се следните:

Прво во доставениот предлог Клечовце, Јачинце, Довизенце, Стрезовце, Бељаковце и другите села се ставени во локалната самоуправа со седиште во Орашец. Наброените села немаат никаква физичка врска со село Орашец. Немаат никаков пат. Или, граѓаните, жителите на овие населени места за да дојдат во центарот на својата локална самоуправа треба да поминат 25 км. до Куманово, значи да влезат во нова локална самоуправа Куманово и од Куманово уште 15 км

да отидат во нивното седиште, село Орашац, што морам да кажам на еден начин избегува од зацртаниот критериум за комуникации помеѓу центарот и населените места.

Искажаните населени места прават една географска и економска цел

ина. Сите се наоѓаат по течение на Крива Река и територијата се наоѓа помеѓу два магистрални патишта, патот за Крива Паланка и патот за Свети Николе, од Куманово.

Низ територијата на предложената нова локална самоуправа поминува железничка пруга која ги поврзува изнесените села, пруга која во блиска иднина ќе го добие статусот и на меѓународна пруга, бидејќи ќе ја поврзува Република Македонија со Бугарија.

На оваа искажана територија од секогаш Клечовце било седиште на општина, се до 1965 - 1966 година, кога истото беше укинато. Искажаните населени места имаат природна гравитација кон селото Клечовци. Селото Клечовце располага со објекти од општествен стандард за образование, здравство, станбени општествени објекти, деловен општествен простор, има решено инфраструктурни објекти: пат, водоснабдување, во самото село имаме многу развиено земјоделско стопанство Клечовци кое вработува над 150 луѓе и самото село Клечовци е центар во кој имаме и најголем број на млади луѓе кои очекувам дека со добивање на статус на локална самоуправа ќе ја гледаат и својата иднина на понатамошно живееше.

Верувам и сум убеден дека изнесените аргументи се засновани врз критериумите за територијалната поделба на РМ и истите од предлагачот ќе бидат поддржани и вградени во Предлогот на законот.

Сметам дека не смее да биде само критериумот бројот на жители, единствен кој ќе диктира дали ќе има локална самоуправа, занемарувајки го проблемот на простор, бидејќи имаме огромни простори со мал број на жители, меѓутоа, мораме да поведеме сметка тие жители да ги задржиме на тие простори, бидејќи имаме. случаеви во новоформираните локални самоуправи во Куманово, на 3 илјади км2 имаме само 5 илјади жители. По некои искажувања таму не треба да има општини, а по мое длабоко убедуваше мора да има.

Исто така не смееме да појдеме од фактот колку сето ова сега ќе ја чини Републиката. Од ваквите искажувања дојдовме до состојба целото население да го доведеме во приградските и градските населби и сега кога се повикуваме на економски проблеми, економските проблеми се тука, имаме огромен број на невработени, а имаме на друга страна огромни површини необработени. Ако тоа го ставиме да го мериме, тогаш сигурно е." размислиме дека и на овие простори мора да овозможиме живеење на ова население, пред се на младите луѓе.

На крајот , исто така , во име на пратениците од Куманово предлагам , во законот за територијална поделба на РМ , во локалната самоуправа Куманово да биде опфатено и населеното место Лопате, кое се наоѓа, на 3 километри од Куманово и кое веќе прераснува во приградска населба на Куманово и за кое месното население се има изјаснето дека воглавно сите се вработени во Куманово, бидејќи и нормалната врска на ова село е со Куманово. Првото село од западната страна на Куманово е Лопате.

Сметам дека и ова ќе биде почитувано и во следната фаза, всушност во конечната фаза, втората фаза од Предлог законот овие мои забелешки, забележани на пратениците од Куманово, од предлагачот ќе бидат респектирани и ќе бидат вградени.

IX/6.-

**ВАНЕ НАУМОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги. Во врска со точката која е на дневен ред односно со Предлогот на донесување на закон за нова територијална поделба на РМ, сакам да изнесам неколку мои гледања, а истовремено преку тоа и искажани мислења на дел од граѓаните на општина Кичево.

Се работи за проект кој, по мое лично убедуваше е од огромно значење за РМ, односно еден од законите кои може да предизвика посебен интерес од аспект на тоа што после 30 години во РМ се носи еден ваков закон, односно , после 1965 година, кога е донесен првиот.

Законот за локална самоуправа овој парламент го донесе во ноември минатата година во кој закон стојат одредби кои изнудуваат носење на една ваква нова територијална поделба.

Од неколку аспекти може да се набљудува овој законски проект. Прво од она што значи за дел од нашата, да речеме историја навака. Тоа е за прв пат во одредени селски целини кои сега стануваат градски целини односно локални единици,за прв пат ќе се изберат градоначалници.

Вториот аспект е аспект од стопанска гледна точка, значи како целини и нивно понатамошно развивање на полето на инфраструктурата, комунално поверување, образование, стопански објекти и т.н.

Трет аспект е географскиот аспект. Тоа се целини кои во секој случај се непосредно поврзани на полето на ресурсите со кој располагаат.

Четврт аспект на овој закон по мое гледање е аспектот на идниот развој на општините кои треба да се развиваат во едни модерни градски локални единици од типот на тие што денес постојат во Европа.

IX/7.-

Пет аспект е она што таквата локална единица во иднина може да нуди нови вработувања на полето на изградба, пред се, на мали капацитети од стопанско значење.

Шестиот аспект е финансирањето, кој во секој случај погледнато досега, се случуваше од едни месни заедници, односно во иднина гледано како локални самоуправи, не располагаат ни со минимум средства за изградба на инфраструктурни објекти, пред се улиците, патиштата, водовод канализација, за уредување на тие проблеми кои досега тие месни заедници ги тиштеја. Со оваа можност и со овие минимум средства што во моментот би се прибрале, на оној начин на финансирање што во законот за локална самоуправа го дава, а тоа беа неколку извори, 6-7 точки, меѓу кои и она што ние како пратеници ја усвоивме дел од данокот на промет да оди како извор на финансирање на локалната самоуправа, свој буџет, во секој случај, не посреден увид и контрола на средствата што се трошат.

Инаку, погледано сега како целини,да речеме конкретно општината од каде што јас доаѓам, е општина каде што и денешните одборници многу малку имаат увид и може да дејствуваат и да побараат контрола на трошењето ан средствата со кои општината располага, без разлика дали се тоа големи или мали. Со овој концепт, во секој случај понепосредно граѓаните од тој дел на локалната единица тоа ќе го имаат на увид и сами ќе одлучуваат.

Седми аспект на овој предлог е политичкиот. Како што гледам граѓаните непосредно со демократско и тајно одлучуваше овој пат ќе изберат свој градоначалник или сожител од таа целина, на непосредни тајни избори и свое собрание, во краен случај.

IX/8.-

Осма работа, тоа на почетокот го спомнав, е долгорочниот или перспективниот развој на овие општини односно локални единици.

На крајот, како констатација сакам да изнесам, од овие неколку аспекти, а како деветти аспект,  тоа е што досега ни се случуваше. Ние во било која прилика ја критикувавме досегашната политика,да речеме од 1945 година наваму,  ја критикувавме тогашната власт за лошо водената политика спрема селото. Сега со концептот што ни нуди е сосема обратно. Ќе имаме развиена градска средина, локална единица, не тоа веднаш долгорочно гледано, во секој случај и ако го имаме тоа ќе имаме и богата држава.

X/1.-СП/МЛ

**ВАНЕ НАУМОВСКИ**: (ПРОДОЈЖЕНИЕ)

Сега ќе изнесам неколку конкретни забелешки на Предлогот на законот што е предмет на дискусија, тоа е членот 8 каде се набројани локалните единици, точка 38. Тоа е локална единица Осломеј во која најверојатно од техничка грешка едно населено место Букоичани се спомнува во две локални единици, во Осломеј и Зајас. Фактички тоа припаѓа на локална единица Зајас, значи на точка 40, а во основа треба да се брише, претпоставувам дека е техничка грешка.

Забелешка на точка 40, локална единица Зајас, тоа се три населени места Кнежино, Раштани и Осој кои гледано географски и инфраструктурно по сите аспекти на овие начела на кои се темели законот се непосредно поврзани средини со градот Кичево и граѓаните од тие села за било каква потреба или работа во краен случај би биле принудени да поминат низ градот Кичево за да остварат одредени цели во новата единица. Заложба, а е и посебно мислење изнесено од страна на граѓаните на собирот одржан пред неколку дена овие три селски населби да се припојат кон градската целина - градот Кичево.

Ова се во суштина неколку забелешки, односно мои гледања на овој Предлог-закон, апсолутно се согласувам со констатацијата, односно предлогот изнесен овде да оди во две фази, во секој случај не добиваме многу во третата фаза, бидејќи и ова досега што беше изнесено во печатот е фактички разгледување на една фаза од тој закон, ако го гледаме така.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Господинот Вангелов процедурално.

**АТАНАС ВАНГЕЛОВ:**

Претпоставувам дека има голем број пријавени за дискусија, затоа го молам уважениот претседател да ја објави листата на редослед за да може во случај на евентуална грешка, што е можност теоретска, односното лице да интервенира за да може и таа да се исправи.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Еве вака, следниот говорник е господинот Шапуриќ, па Нано Ружин, Илија Каров,' Костаќев, Горѓиев, Петре Трајановски, Ратка Куљан, Мирко Пецов, Владимир Соколовски, Јован Николов, Слободан Даневски, Рами Туда, Фаик Абди, Атанас Вангелов, Абдулади Вејсели, Лазаревски, Џамбазовски, Павлов, Србиновски, Живко Јанкуловски, Стојан Ковачевски, Биљали, Мусовски, Хисен Рамадани и Марковски. Тоа се 28, а кажете ми кој не е пријавен да ги запишам сите.

Има збор господинот Шапуриќ.

**ЗОРАН ШАПУРИК:**

Почитуван претседателе, почитувани претставници на Министерството, почитувани пратеници. Праша&ето на новиот концепт на територијална поделба на Република Македонија, веќе подолго време ја бранува јавноста.

(Галама во салата, нема работна атмосфера, интервенира пратеникот).

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ве молам сите ќе добиете збор.

Х/3.-

**ЗОРАН ШАПУРИЌ:**

Ова е мошне разбирливо со оглед на тоа што се работи за едно суптилно и сложено прашање. Впрочем и самиот број го кажува тоа дека од своите изборни единици имаат огромни забелешки. И покрај тоа што најмногу во принцип се изјаснувањата дека новата територијална поделба е потребна, има многу реакции на самиот начин како таа се предлага, како и на многуте конкретни решенија. Оттаму се бројни реакции на граѓаните на новиот концепт. Ова е можеби нормална појава, имајќи предвид дека овој концепт е работен премногу кабинетски без увид на терен, па дури по предлагањето на овој концепт членовите на Комисијата почнаа да го посетуваат теренот и покрај многубројните укажувања дека ќе се понуди еден лош концепт без претходен увид на терен, односно без консултација на граѓаните. Ни се случи да имаме непостоечки населени места кои се нудат на подрачјето на некоја општина, ни се случува едно населено место да е во две дури во три општини, ни се случува некоја катастарска општина која е катастарска општина а не населено место да фигурира како населено место, како што е пример со Свети Наум, кој воопшто не е населено место, ни се случува многу други населени места кои не постоеле никогаш или не постоеле како населени места или некои во кои одамна не живее ниту еден жител да се наоѓаат во овој концепт. Се случува да ги имаме на карта на разни карти правени се асфалтирани патишта кои воопшто не постојат ниту биле прикажани во некои географски карти, а во некои карти се прикажуваат, па добро е еве пример со некои села кои во настојување да се најде општина, бидејќи Македонија е мала не може да се најде нова територија, некои села кои природно гравитираат кон Кратово вештачки се прикажани дека се блиску до Злетово иако дефакто

состојбата покажува дека не се поврзани, туку се природно поврзани со сосема еден друг град.

Се случува и тоа некои населени места кои се само на неколку километри до градовите во име на приближување на граѓаните кон општините во новиот општински центар кој е на 2 До 3 километри до новиот општински центар треба да поминат 15, 20, 30 па и повеќе километри. Дали е тоа приближување на локалната самоуправа кон граѓаните треба да проценат самите граѓани и самите пратеници. Сето ова се прави во име на граѓаните, не е јасно како можат да се повикуваат комисиите кои се формирани од Владата од пет или десет члена да ги согледаат желбите и потребите на сите граѓани. Дали е правилен изборот на овие членови на комисиите, без оглед што ни- кој од нас не се сомнева во стручноста. Беше напоменато дека тоа се социолози, демографи, но дали се тие единствени познавачи на оваа проблематика. Јас би можел да кажам дека само од правна проблематика многу доаени кои ја познаваат оваа работа се испуштени од овие комисии или не се консултирани. Зошто на пример доајенот на комуналната самоуправа и комуналното право проф. д-р Владимир Митков не е воопшто консултиран за оваа работа, да не зборувам за претходната министерка која доста работеше на овој концепт и на слични госпоѓа Гордана Силјановска. Господин Ѓорѓи Цаца и низа други еминентни лица кои долго време се занимавале од правен аспект, се прескокнати. Освен тоа верувам дека има низа други социолози и демографи и други урбанисти кои би можеле да дадат свој придонес,затоа сметам дека оваа комисија од самиот старт беше многу погрешно конципирана, односно многу тесно поставена.

Дека не ги согледала вистинските состојби на терен сведочат бројните реакции. Овој Парламент досега немал волку реакции и самите

сте сведоци од минута во минута во Собранието пристигнуваат и се умножуваат многубројни забелешки бидејќи сите тие ги увидуваат и укажуваат. Затоа мислам дека овој концепт покрај некој што вели дека се технички грешки, сите треба да се исправат пречистат, па потоа да се даде на Собранието, бидејќи е по малку несериозно, звучи некои концепти да се нудат.

Граѓаните требаше најпрвин да бидат консултирани, па потоа да се видат желбите на граѓаните. Како може да се тврди дека тоа е потреба и желба на граѓаните без да се согледа желбата. Граѓаните требаше да бидат консултирани по пат на консултативен референдум за да се види нивната вистинска волја. Не треба да се бега од ова изјаснување по пат на референдум, бидејќи тоа е предвидено како обврска во Законот за локална самоуправа каде беше кажано дека по правило ќе биде референдум, а по исклучок собир. Не ми е јасно како во некои делови каде се формира општина од 15 до 20 илјади ќе бидат консултирани по пат на собир. Каде ќе ги соберат? На улица? Кога ќе се држи тој собир? На кој начин ќе се организира? Потоа се лансираше една опасна теза дека е доволно 10% да бидат на тие собири па да се сметаат како валидни. Дали значи мнозинство од 5-6%, па во име на тие 15 илјади граѓани ќе се смета волјата на 20 0 или 30 0 дека е консултирано целото население? За тоа нема ни простор, ни технички можности. Се разбира во некои населени мали места можно е да бидат организирани тие собири, меѓутоа, во големи места без референдум нема да може никаква консултација, дури во последно време се лансира уште поопасна теза дека таму каде што нема реакции не треба да има собири. Како ќе ја знаеме желбата, како таа обврска, јас го предупредувам овој Парламент и сите други дека до колку на овој начин спротивно на процедурата во

Уставот и на Законот за локална самоуправа се одвива целата постапка дека Уставниот суд ќе го оспори овој закон.

Само да ве потсетам некои велат дека е консултативен, па не е важен. Без оглед дали е консултативен во секој случај е важен. Да ве потсетам дека низа урбанистички планови по поранешниот закон паднаа токму поради незапазување на постапката, односно немаше на јавна расправа. И таму јавната расправа не беше важна, што е кажано не е земено во предвид, меѓутоа само како форма мораше. Затоа не смее да се лансираат такви погрешни противправни и противуставни тези дека собири на граѓани не треба да се организираат, односно дека не треба да има референдум.

Исто така се поставува прашањето како ќе бидат организирани тие собири. Еве имаме случај паралелно на кој како му текне да се организираат таквите собири. Тие собири, односно референдуми треба да бидат во една организирана форма во организација на Министерството за правда за да немаме диви собири и секоја групација на граѓани да организира свој собир. Тоа ќе биде многу опасно ако не се направи на тој начин.

Во последно време се слушаат некои мислења дека е многу пополезно граѓаните да не се изјаснуваат на тој начин, бидејќи не- ма реакции. Не знаеме и тие што ја следат работата очекуваат дека ќе има собири, дека ќе има референдуми и затоа не се изјаснуваат. Мораме да ги почитуваме сите принципи кои сами сме ги утврдиле во Законот за локална самоуправа.

Неспорно е дека некои од новите општини ќе можат да се конституираат како единици на локална самоуправа, но најголем дел од нив нема да можат тоа да го направат, пред се од економски причини. Точно е дека не може единствен да биде економскиот критериум,

меѓутоа, не може ни да се избегне тој критериум. Затоа сметам дека по утврдувањето на волјата на граѓаните на референдум треба да се направи концепт на нова територијална поделба најмногу 50 до 60 општини, колку би можеле граѓаните и оваа држава да издржат.

Нејасно е како членовите на Комисијата кои учествуваа во изградба на новиот концепт тврдеа на самиот почеток дека новиот концепт содржи 50 до 60 општини. По само 10 дена работа се сме- ни и еволуира во своите искажувања па кажа дека ќе бидат 80, 90, 104, па за да на крај добиеме 111 со низа алтернативи и ако вака продолжи веројатно ќе бидат и 150.

Зачудува фактот што и самите членови на оваа комисија, па и оние кои се потпишале на овој предлог биле како претставници или повереници на Владата го оспоруваат, имаат многу забелешки на овој закон. Некои од нив јавно го искажуваат, некои во одредени разговори со пратениците. Самото тоа кажува колку е проблематичен овој закон, бидејќи самите изготвувачи се сомневаат во законот.

Во Република Македонија имавме повеќе територијални поделби. Во 1947 година имаше 250 општини, како што знаете, во 1958 година бројот се намалува на 170, па потоа на 71, а од 1962 година го имаме овој концепт. Неслучајно историјата покажала дека често пати се менуваше овој концепт. Меѓутоа, сегашната концепција не случајно останала повеќе од 30 години, токму од овие причини и од овие реакции. Од сегашните 34 општини постојни околу 50% не се финансираат самостојно. Нив ги финансира државата. Не е јасно како ќе се финансираат предложените 111 или 115 општини. Дали оваа држава може да го поднесе тоа? Дали граѓаните можат да го поднесат тоа? Како? Се разбира, со нови намети ќе финансираат уште поголема

администрација, уште поголем апарат, бидејќи на секој оној кој минимум ја познава технологијата на работа на општината јасно му е дека во најмалите отпаднини мора да има 10 вработени, а во поголемите тој број ќе биде поголем. Ова е еден минимум затоа што два-тројца ќе бидат неопходни во обласа на урбанизмот, два- тројца за комунални работи, двајца за финансиски работи, исто толку за правни работи и уште минимум толку административни работи и друг пратечки апарат, така што погрешна е тезата дека нема да значи голем товар и голем број на нови вработувања. Ова значи дека новите општини 75, доколку бидат, ќе значај најмалку оптоварување со околу 2.000 вработени плус други неопходни трошоци кои се секојдневни за нормално функционирање на општината. Ова би значело дека годишно Македонија би ја чинело само овој апарат без оној фонд за комунално уредување, бидејќи сеедно е тој фонд каде ќе биде дали во една или две општини, а станува збор само за административни трошоци и Република Македонија би ја чинело годишно околу 50 милиони ДМ, се разбира само на почеток, а оваа сума ако се надодаде уште толку само за минимум опремување на новите седишта на општини кои треба да исполнуваат минимум критериуми. Јасно и прецизно треба да им се каже на граѓаните и предлагачот треба да изготви точна калкулација колку ќе го чини граѓанинот со дебели аргументи и дебело образложение. Впрочем, искуството од Словенија која економски е многу побогата од Република Македонија каде од 65 општини се дојде на преку 150 општини, а која е по површина и население доста слична, покажуваат дека преголемото зголемување на бројот на општините направена е голема грешка, па сега одат на намалување на 80 општини, па дури одат и на двостепена локална самоуправа со региони и покраини.

Нашиот Устав, како што ви е познато, познава единствено еднострепена локална самоуправа, па не е можно како ќе може тие 110-115-120 општини да комуницираат со централната власт доколку постои и понатаму еднострепена локална самоуправа.

Почитувани пратеници, во многу"бројни контакти со членовите на Владата, Парламентот и локалните власти од Словенија, Хрватска и другите посткомунистички земји имавте и сами прилика да видите дека се чудат како одиме по нивниот пример, бидејќи тие сега го коригираат. Ова што го нагласивме важи и за Хрватска, така надлежниот министер за управа на Хрватска кој е надлежен по прашањето на локалната управа господин Млакар изрази подготвеност на членовите на Комисијата и членовите на Владата да им укаже на нивни искуства и на нивните грешки кои се направени.

Погрешно се тврди дека просечна европска општина најпрвин се тврдеше дека има 5.000, сега слушам 2.500, секој произволно кажува, тоа е апсолутно неточно.

XI/1.- РД/ЈБР

**ЗОРАН ШАПУРИЌ:** (продолжение)

Бидејќи просекот се добива со собирање на бројот на општини и поделба на бројот на населението на вкупен број на општини, имаме земји во Европа кој имаат мали и големи општини, различни системи, меѓутоа прифатен е процесот на окрупнување, тоа е факт Јас неколкупати кажав, само накратко ќе кажам, впрочем со тоа се согласува и Министерството дека таканаречени кварцни општини постојат во поголемите градови, така во Амстердам во кој се 900 илјади жители има 10 општини Ротердам со 800 илјади жители има 10, Дрезден со 6.000 жители има 8 општини, во Берлин, во Истамбул се многу поголеми, меѓутоа, сепак постојат големи општини. Не само во големите градови во Европа е присутен обратен процес на окрупнување на општините. Па така просечно Европска општина, ако воопшто може да се зборува, бидејќи честопати се зборува за некоја просечна општина 2 до 5 илјади изнесува 35 до 40 илјади жители. Просечно општина е во >Македонија овој концепт изнесува некаде 1з до 18 илјади жители, а можеби и помалку, ако се случува и понатаму бројот на општинтие да се намножува со секој нов понуден концепт.

На Комисијата за политички систем го изнесов пошироко овде само накратко ќе ви известам за примерот на Данска која е претставник на таканаречениот Скандинавски модел со мали општини. Во Данска има 252 општини на 5 милиона исто и нешто жители. Така да просечна општина во тој Скандинавсни-Дански модел изнесува 20 илјади жители. Данска е многупати побогата од Македонија односно една од најбогатите земји во Светот.

XI/2.-

Прашање е дали можеме да се споредуваме со таквите европски модели не сакам пошироко да елаборирам дека Буџетот на просечна европска општина не е поголем неколку пати, туку е поголем 300 пати од Буџетот на Република Македонија. Секоја европска општина има поголем буџет, и покрај тоа што сме веројатно најцентрализирана држава во Европа, бидејќи знаеме дека е се во рамките на министерствата и подрачната општина, а општинскиот буџет кој што не е оригинерен, не е изворен не може да се споредува со една наша општина со европска општина од сите овие соображенија. Па така, ако се прифати доследно овој концепт, наместо сегашните малку сиромашни општини ќе добиеме уште повеќе сиромашни општини, а без економска самостојност јасно е дека нема вистинска локална самоуправа. Сегашните 50 што се финансираат имаме ситуација 80% да бидат директно финансирани од Владата, и покрај оваа цела централизација што ја имаме со уште поголема централизација и во тој случај нема да имаме воопшто ни локална самоуправа. Затоа сметам кога ќе се бара експертизата од Советот на Европа да се нанесат сите параметри, односно на прибираше на средства како е во државата за да можат тие експерти од Советот на Европа, а мислам дека со оглед на ова значење можеби и во оваа прва фаза требаше да ме побара мислеше.

Предлагачите честопати како оправдување како концепт ја наведуваат ревитализација на подрачјата каде што ќе се формираат новите општини. Ова во најголем број случаи нема да биде точно, бидејќи досегашните многубројни акции на поголемите општини и на државата за ревитализација не дадоа резултати. Ревитализацијата на напуштените подрачја треба да биде постојана грижа пред се на државата, а неа не можат да ја спроведуваат некој општини со 500 жители од кој најголем дел ќе бидат со население преку 60 години. Па таму, од истите причини најпрвин треба да потенцираме дека со новите општини не може да се постигне саканата цел. Впрочем и најпрвин се

тврдеше дека ќе имаме обратен миграционен процес и дека е тоа целта на Законот, а со тек на време ќе се дојде до сознание дека целта е да се задржи состој- бата итн. Јас мислам дека обратен процес може да се случи доколку имаме сиромашни општини, бидејќи пред се, приградските села, приградските населби како што кажаа претходните дискутанти кои се од 3 до 5 до 10 км. до градот и прироно поврзани со градот вештачки би се одделиле од градот и би замрел нивниот развој. Впрочем, и желбата на населението верувајте е таква. Можеби оние подалечните села од градот навистина би требало некој од нив да бидат општини. Јас не се сомневам дека би требало да се форсираат и по таа цена и по цена на неможноста да се финансираат, меѓутоа не сите и не во толкав број, бидејќи тие обратно далечните села се приклучени кон градот и би се случило обратен процес, бидејќи тие се врзани со градот. Мислам дека во овие последни 5 години овие приградски села и приградски населби напротив е присутен обратен процес. Тие интензивно се ревитализираат и интензивно се гради во нив и се поврзани и не постои никаква опасност на оние населени места кои се блиску до градот да мигрираат. Не може да се случи некое место кое е оддалечено 5 или 10 км. од градот да има опасност дека тоа ќе мигрира кон градот. Обратно ќе биде. Тие како што велат некои се спојуваат. Вистински проблем во РМ во изминатите години покрај тоа не тврдам дека имало и други видови миграција, не е миграција село - град, особено не е село - град на оние поблиски села, туку миграција од други општини во РМ кон Скопје и неговите општини. Скопје од ден на ден навистина станува пренаселено и со 600 и нешто илјади настанува пренаселено и претставува една третина вкупниот број население на едно мало подрачје. Исто така е проблем миграција од РМ во Странство. Во последно време е се поизразна очигледно помеѓу младите кои не можат да ги решат своите проблеми. Инаку, ако се гледаат односот на населението во село - град тој изнесува према податоците од Министерството преку 58% живеат во

град, а 42% во село што соодnос сам по себе не е лош и не е последица на ова време. Таа миграција село - град е од времето на неутрализација која беше форсирана од државата. Луѓето беа напросто терани и тоа е последица од тоа време. Во градење на овие големи индустриски гиганти тогаш се населуваа луѓето, бидејќи во градот немаше доволно работна сила.

Исто така, релативен е податокот дека Република Македонија е урбанизирана само 1,3% бидејќи голем дел на подрачје во градовите се опфатени со основните планови, како што беше кажано, а не се опфатени со детални односно постои некоја урбанизација, не е до урбанизирано, а во селските подрачја се опфатени со граници за развој што претставува некаков вид на урбанистички план и нема потреба во најголем број на селски населби да се прават тие планови по ист терк како што се прави во градот, бидејќи во селските населби доволно е да се напра- ват граници за развој кој претставуваа некој мини план. Така со овие податоци би дошле до процент 5-6%, не тврдам дека би биле пак при врвот во светот и во Европа со урбанизација, а меѓутоа не сме 1,3%, туку сигурно сме 5 или 6% од вкупната површина.

Нејасно е исто така како се нуди овој концепт без пакет на закони закон за град Скопје, Закон за локални избори, Закон за спроведување на овој Закон кој се најавува, бидејќи овој Закон без тоа претставува само закон за именување на општините, бидејќи не е јасно како ќе се спроведува. Има некој најави дека нема да се форми- раат во рок од некој период од 6 години, дека тие ќе се приклучат кон старите општини. Значи ова еве ви понудивме шанса, не успеавте и покрај тоа што знаеме, значи ли ова само залажување на овие граѓани и давање на некој лажни надежи. Исто така со толкав број на општини не е јасно како ќе се развива концептот на месните заедници или месната самоуправа, бидејќи тие пак ќе ве потсетам се уставна категорија. Тие постојат во

XI/5.-

Законот, некоја општина од 500 илјади жители како би се развивал тој концепт на месната самоуправа. Можеби секоја улица би била месна заедница итн. Добро е што увидувајќи ги сите овие грешки матичната комисија, Комисијата за политички систем заседе став, како што јас верувам и другите комисии, што верувам дека ќе го почитува Собранието, бидејќи ова е најважно тело овој Закон да оди во 3 фази., а не во 2, со цел да можат сите овие забаелешки са сондираат, сите забелешки да се согледаат и технички кои што ги кажав и покрај тоа што мислам дека не е добро непречистено, имаме непрочистени хартии, непречистени текстови ги имаме. Јас разбирам дека овие сите грешки се можни, со оглед на тоа што кратко време се работеше, но нагласив доколку тие комисии беа пошироки, доколку беа подобри. Јас исто така ги разбирам проблемите на Министерството за правда дека има мал број вработени, дека моментални има 20 закони одеднаш, дека претстојат низа закони од право- судството итн. дека не може да постине, меѓутоа сепак ова немаше оправдување, можеби требаше од надвор да се вработат повеќе лица во тоа Министерство со цел да се олесни работата, јас је разбирам нивната преоптовареност и не може да одговорат на сите овие задачи. Затоа сметам дека уште еднаш потенцирам, дека е нужно да биде овој Закон во 3 фази. Нужно е овој став на Комисијата за политички систем да се почитува. Исто така, на крајот само би кажал во врска со овие собири воопшто другите посткомунистички земји кога одеа во оваа нова територијална поделба и нов концепт донесоа закон за начин, односно за критериумите како ќе бидат поднесувани тие барања за ова. Кај нас се случи една дива работа. Некаде се група граѓани подносители, некаде се месни заедници. Месните заедници некаде се избрани пред 12 или 14 години и воопшто немаат ни совет.

Некаде е тоа совет, некаде претседателот на Советот, некаде секретарот итн. Така да не беше јасно тоа беа неколкупати поставени пратенички прашања Министерството да утврди критериуми кој може и во која постапка да поднесе барање. Инаку ми се случи да се даваат соопштенија во јавноста, така да просто се пролонгираше тој рок. Не знам врз база на кој акт беше кажано до 15 во месецот да поднесете барање, па се даваше соопштение дека досега се поднесени 70 барања, Министерството ќе го продолжи рокот за уште 15 дена така да просто цело време се стимулираа овие. Затоа почитувани пратеници сметам дека во вашите расправи ќе дадете еден придонес овој текст да се подобри иако се заложиме да оди во 3 фази сите аномалии ќе го отстраниме. Но уште еднаш потенцирам, без консултирање на волјата на населението на некој легитимен облик дали е тој собир или референдум ние како пратеници нема да ја знаеме вистинската волја на граѓаните. Јас верувам дека секој пратеник сака се разбира, ценејќи ги интереси на државата да ја изразува  волјата на својата изворна база, меѓутоа, без организирање на тој референдум нема да знае која е волјата на народот и како да гласаме, односно дали го изразуваме гласот на нашите граѓани.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Јас веројатно на крајот ќе направам едно резиме врз основа на предлозите , со оглед на концепцијата на уводното излагање, но за да нема дезинформации во јавноста, веднаш да изјавам дека што се однесува до Министерството за правда во постапката немаше никаква дива работа, туку напросто Министерството врз база на Законот и сопствените овластувања во дневниот печат и во Службениот весник на РМ го официјализира огласот,го постави рокот до 31 јануари 1999 година дека е време или рок за пријавување на населените места со барање за

формирање општини. Тој рој беше спазен и ние работевме врз пријавите во рамките на односниот рок. Што значи дека ова претходно дека немало рок, дека не било официјално, дека немало критериум е сосема чиста дезинформација.

**АТАНАС ВАНГЕЛОВ:**

Молам да објасни г-динот потпретседател дали има смисла да се води систематска и екстанзивна расправа по еден толку важен закон, со толку' многу пријавени дискутанти, ако моментално или константно во салата има само 35 пратеници, тоа под број 1,

Под број 2, дали таа систематски и екстензивна расправа може да биде регуларна.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Молам да се утврди точен број на пратеници во салата. Молам,Службите да ги повикаа пратениците во салата. Инаку јас немам намера да образложувам, бидејќи работите се содржани во Деловникот.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Да го надополнам само колегата Вангелов дека се работи за сериозна расправа, добро е да се договориме дали ќе имаме пауза, доколку часот ќе работиме денеска и дали се предвидува седница по оваа точка на дневен ред и за утрешниот ден. Мислам дека добро е да знаеме за да не импровизираме да не влегуваме и излегуваме. Во салата има 36 пратеници.

XI/8.-

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Добро, ние денеска редовно работиме како и сите денови некаде од прилика до 17,00 часот, па ќе се договориме кога ќе ја продолжиме седницата на крајот.

Јас замолив да се повикаат пратениците во салата од страна на Стручните служби.

**АТАНАС ВАНГЕЛОВ:**

Вториот дел од моето прашање беше дали расправата е регуларна ако има 35 или 36 пратеници во салата. Тоа значи ако вие ја продолжите расправата е регуларно. Затоа сакам да се изјасните дали е регуларно или не е.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Јас ги повикав пратениците, давам пауза од 10 минути да се соберат.

Седницата не продолжи со работа, бидејќи немаше доволен број на пратеници.

Седницата ќе биде закажана накнадно.

( Седницата заврши во 16,00 часот).